Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ



# КОМПАРАТИВНА ПРОЦЕНКА на МОДЕЛИ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

## ПРОЕКТ „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА“

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО
Ниту едно дете не треба да расте само

forumi i gruas
женски форум
women's forum

# КОМПАРАТИВНА ПРОЦЕНКА НА МОДЕЛИТЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

ПРОЕКТ
„МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА“

**НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА**
Компаративна проценка на моделите на младинско учество на меѓународно ниво

**ПРОЕКТ**
Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата

**ИЗДАВАЧИ**
Коалиција на младински организации СЕГА

**ЗА ИЗДАВАЧИТЕ**
Зоран Илиески, извршен директор на Коалицијата на младински организации СЕГА

**АВТОР**
Светлана Трбојевиќ

**УРЕДНИК**
Томислав Гајтаноски

**ЛЕКТУРА**
Катица Трајкова

**ТИРАЖ**
200 примероци

**ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ**
Бригада дизајн

**CIP** – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

061.2-053.6(4)(047.31)
35.077:342.571-053.6(4)(047.31)

ТРБОЈЕВИЌ, Светлана
Компаративна проценка на моделите на младинско учество на меѓународно ниво / [автор Светлана Трбојевиќ]. - Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА, 2021. - 56 стр. ; 23 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 53-56. - Финансиер: Европска Унија, "Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

ISBN 978-608-4631-16-3

а) Граѓанско општество -- Учество на млади -- Европа -- Истражувања б) Младински политики -- Креирање -- Учество на млади -- Европа -- Истражувања

COBISS.MK-ID 55249413

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** .......... **4**

**1. ШТО ПРЕТСТАВУВА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО?** .......... **5**

**2. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРАКТИКИТЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНО НИВО** .......... **7**

2.1. АВСТРИЈА .......... 7

2.2. СЛОВЕНИЈА .......... 12

2.3. СРБИЈА .......... 17

2.4. ФИНСКА .......... 22

2.5. ЛИТВАНИЈА .......... 26

2.6. КИПАР .......... 31

2.7. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .......... 36

**3. КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ОБЛИЦИТЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** .......... **44**

**4. ПРЕПОРАКИ** .......... **51**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** .......... **53**

# ВОВЕД

Оваа Компаративна проценка на моделите за младинско учество на меѓународно ниво е подготвена во рамки на проектот **„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“**, финансиран од Европската Унија, а реализиран од Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско село Северна Македонија, Волонтерски центар Скопје и Здружение Женски форум Тетово.

Проценката има за цел да овозможи преглед на моделите на младинско учество што се применуваат во земји со различно ниво на развој и нивно приспособување на пристапите кон младинското учество во Република Северна Македонија. Компаративната проценка вклучува анализа на моделите во следните шест земји: Австрија, Кипар, Литванија, Словенија, Србија и Финска. Фокусот на анализата е ставен на постојната регулатива на законски и подзаконски акти и на стратешките документи и програми што ги обликуваат постојните модели на младинско учество во избраните држави. Моделите се споредени со постојната регулатива на Република Северна Македонија.

Адекватното и експлицитното законско регулирање е предуслов за успешна имплементација на младинската политика. Во повеќето држави опфатени со овој компаративен преглед, прашањата за младинско учество се регулираат со еден сеопфатен закон, кој на општо ниво ги опфаќа сите аспекти на младинската сфера. Во нив се дефинираат основните поими, како што се, на пр., поимите млади, младинска политика, младинска организација, стратегија за млади и сл. Исто така, со закони се пропишуваат постапките за донесување на основните стратешки документи од областа на младинската политика, како и постапките со кои се обезбедува претставување на младите во процесот на донесување на одлуки што нив ги засегаат. Воедно, овие закони ги пропишуваат надлежностите на определени органи на власта на централно, регионално и на локално ниво во спроведувањето на младинските политики, а во некои случаи го пропишуваат и основањето на специјализирани органи и тела за таа намена. Исто така, во рамки на законската рамка се регулира младинското учество во обликување и донесување на младински политики на централно, регионално и на локално ниво.

Моделите на младинско учество се анализирани преку облиците на младинско здружување, односно младинските организации и нивната структура, начинот на избор на нивни членови, полето на дејствување и начините на нивно финансирање. Според тоа, може да се заклучи дека младинското здружување, во земјите што се предмет на оваа проценка, најчесто се јавува во облик на младински организации што ги застапуваат интересите на младите на ниво на ученици во средни училишта, студенти на универзитети, младински парламенти, младински работници и сојузи за млади или на младински организации.

# 1 ШТО ПРЕТСТАВУВА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО?

Граѓанското учество се смета за најважен демократски принцип во современото општество (Pratchett and Lowndes 2004: 3). Сепак, сведоци сме на сè поголема недоверба и намалување на излезноста на гласачи во изборните процеси, како и намалување на учеството во формалните политички институции. Ваквите трендови го привлекуваат вниманието и заземаат централно место во јавните дебати за перцепциите и реалноста од недостигот на демократска партиципација на младите во воспоставените демократии (Karsten 2011).

Терминот „учество" се однесува на вклученоста на младите во донесување одлуки за прашања што влијаат врз нивните животи, како дел од процесот на уживање на нивните права како граѓани на индивидуално и на ниво на заедница. Вистинското учество се постигнува со вклучување во дијалог преку интерактивен, постојан и инклузивен процес. Области од интерес за младите и нивно вклучување се: човековите права и еднаквост, вработување и социјални прашања, активно граѓанство, неформално образование и доживотно учење, како и младински политики.

Младинското учество подразбира непосредно учество на младите во прецизно дефинирани демократски процедури на национално, регионално и на локално ниво. Тоа е суштествено за креирање на младински политики што се одраз на потребите, правата и интересите на младите. Соодветното, младинското учество е гаранција за благосостојба на младите во дадено општество.

Многу модели за учество се фокусираат на учеството на деца и млади. Во основа разликуваме генерички и специфични модели на младинско учество. Различните идејни модели помагаат да се потенцираат барањата поставени до демократските институции од граѓаните, поточно од младите, за нивно учество во политичките процеси. Во потесна смисла, политичкото учество на младите подразбира учество во политички партии или во избори и тоа во улога на оној што бира или е биран. Во поширока смисла се мисли на учество на младите во граѓански здруженија, неформални групи или иницијативи, како и во креирање на политики што ги засегаат и учество во креирање на јавното мислење преку социјалните медиуми.

Во основа учеството подразбира инклузија (вклучување) – при што системот се менува за да се приспособи на учеството – наспроти интеграција – што подразбира учество во рамки на претходно дефинирани начини и однапред дефинирани структури (Percy-Smith and Malone 2001: 18). Хоџсон утврдува пет услови што треба да бидат исполнети за да се постигне учество и зајакнување на младите. Условите предвидуваат младите да имаат: 1) пристап до оние што се на власт; 2) пристап до релевантни информации; 3) вистински избор помеѓу различни опции; 4) поддршка од доверлива, независна личност и 5) инструмент за жалба (Hodgson

1995). Се поставува прашање: До кој степен постојните институционални и организациони структури им нудат можности на младите за учество во демократските процеси во државите[1] што се предмет на оваа анализа? Во обид да одговориме на поставеното прашање, направена е повеќеслојна анализа и тоа, анализа на законската регулатива што го врамува младинското учество, учеството на претставниците на младите во владините тела, организирање на младите во различни видови на младинско претставување и начините преку кој финансиски е поддржано младинското здружување.

[1] Република Австрија, Кипар, Литванија, Република Србија, Република Словенија и Финска.

# 2 ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРАКТИКИТЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

## 2.1 АВСТРИЈА

Австрија е федерална држава во која одговорностите се поделени помеѓу федералната влада и федералните покраини. Австриското законодавство нема усвоено единствен сеопфатен закон со кој се регулираат прашањата поврзани со младите. Исто така, во австриското општество моментално не се води дискусија во врска со подготовка на ваков закон. Вака дефинираната законска регулатива ја наметнува потребата за анализа на некои од позначајните документи што директно или индиректно се поврзани со младите и нивната општествена партиципација.

### 2.1.1 Постојна правна рамка

**Федералниот акт за унапредување на младите** (Federal Youth Promotion Act/Bundesjugendförderungsgesetz, BGBl. I Nr. 126/2000, BGBl. I Nr. 136/2001) првпат е усвоен во 2000 година, а последен пат е изменет во 2018 година. Актот промовира мерки и активности за неформално образование на младите и младинска работа заради понатамошен развој на менталното, психичкото, физичкото, социјалното, политичкото и религиозното поле и развој на етичките компетенции на децата и младите.

**Федералниот акт за застапување на младите** (Federal Youth Representation Act/Bundes-Jugendvertretungsgesetz, BGBl. I Nr. 127/2000, BGBl. I Nr. 136/2001) е на сила од 2000 година, а последен пат е изменет во 2001 година. Мерките предвидени во овој Акт имаат за цел да обезбедат претставување на проблемите на младите пред носителите на политички одлуки на федерално ниво. Со него законски се регулира застапувањето на интересите и политичкото лобирање за лица до 30 години. Во негови рамки е дефинирана работата на Федералниот младински совет како рамноправен орган кој по своите права е изедначен со правата на интересовните групи на вработени, деловни луѓе, земјоделци и Советот на постари граѓани на Австрија. Актот опфаќа, меѓу другите, и младински здруженија и отворена младинска работа.

**Изборниот законик** ги утврдува условите за спроведување на регуларни избори. Австрија е пионер во Европа во однос на партиципативната демократија кај младите. Со цел да се поттикне и зголеми учеството на младите во демократските процеси, Националниот совет на Австрија во рамки на реформата на изборниот законик во 2007 година ја помести старосната граница за гласање на 16 години. Сепак, треба да се направи разлика помеѓу активното и пасивното гласачко право. Иако младите Австријци можат да гласаат од 16 години, правото да бидат избрани можат да го искорис-

тат по наполнување на 18 години, со исклучок на кандидатурата за функцијата федерален претседател, каде што минималната возрасна граница е поставена на 35 години. Дефинираната возраст се однесува на избори за општински совет, избори за покраински совет, избори за национален совет, федерални претседателски избори, избори за Европскиот парламент, референдуми, петиции за референдуми и јавни консултации. Исто така, на изборите за претставници во Европскиот парламент и општинските совети можат да гласаат сите граѓани на државите членки на ЕУ на возраст од 16 години и повеќе, кои имаат живеалиште во Австрија.

**Регулативата за проценка на влијанијата врз младите** е на сила од 2013 година. Законот воспоставува проценка на влијанието врз младите за сите нови закони (“Youth check”). Со Законот се обврзуваат сите министерства, однапред, систематски да ги разгледуваат законските проекти со цел да го утврдат нивното влијание врз децата и младите. Ова ја подигнува свеста за посебната грижа и потребите на децата и младите.

Австрија има изготвено посебна **Стратегија за млади** (2019–2027) (Austrian Youth Strategy/Österreichische Jugendstrategie). Стратегијата за млади има за цел преку еден континуиран процес да ги унапреди и зајакне политиките за млади. Целта на оваа стратегија е да се креира пакет на мерки за младите луѓе, да се систематизира и да се зголеми нивната ефикасност. Стратегијата, исто така, има за цел да ги идентификува новите подрачја на акција и соработка. Основна карактеристика на Стратегијата е настојувањето за активно вклучување на младите и професионалците на сите нивоа. Стратегијата дефинира четири полиња на акција: образование и обука, вработување и претприемништво, квалитет на живот и социјална соработка и медиуми и информации и во согласност со нив се предвидени адекватни акциски подрачја на дејствување. Целите и задачите на Стратегијата се во согласност со Европската младинска стратегија 2019–2027.

### 2.1.2 Институционална рамка

Во Австрија е воспоставена Национална работна група за младински дијалог и младинска партиципација. Таа воспоставува соработка помеѓу федералните и провинциските власти и други актери во доменот на младинските политики, со цел да овозможи младински дијалог и да ја унапреди младинската партиципација. Оваа работна група ја сочинуваат претставници од Одделението за семејство и млади при федералната влада, Федералниот младински совет, Федералната мрежа на австриски информативни центри, Федералната мрежа на отворена младинска работа, Австриските младински делегати, младински оддели при федералните држави, Националниот кореспондент при Европскиот центар за познавање на младинските политики, Австриската национална агенција Еразмус+, Млади во акција и Европскиот солидарен корпус и Канцеларијата за младинска работа на автономната италијанска провинција Волзана-Јужен Тирол. Ваквата практика укажува на систематско вклучување на сите засегнати страни при процесите на донесување одлуки и креирање политики.

### 2.1.3 Облици на младинско организирање и младинско учество

Во Австрија има пет облици на младинска партиципација: Младински парламент на национално ниво, Регионален младински парламент, младински советодавни одбори, Студентски сојуз за високо образование и Унија на средношколци. Овие претставнички тела се формирани во согласност со националната легислатива во доменот на младинско здружување[2].

#### МЛАДИНСКИ ПАРЛАМЕНТ НА НАЦИОНАЛНО И РЕГИОНАЛНО НИВО

**Младинскиот парламент** на национално ниво (Youth parliament/Jugendparlament) е финансиран од буџетот на Владата. Во март 2017 година, околу 110 ученици можеа да ја искористат можноста да бидат дел од младинскиот парламент. Младинскиот парламент се состанува двапати годишно на различни теми. Покрај националниот, има и регионални парламенти.

**Регионалните младински парламенти** се разликуваат во зависност од општината во која се организирани. Во општината Вилах, младинскиот парламент обединува млади на возраст од 14 до 19 години, кои можат да станат кандидати за „локалните совети" (Youth Council). Додека во областите на градот Виена: Леополдштат, Алсерргрунд, Симеринг, Брижитанау и Лиесинг, се формирани локални младински парламенти „зборувај гласно" (word up). Тоа се младински парламенти за ученици од седмо и осмо одделение, каде што младите упатуваат барања до окружниот совет и можат да бидат вклучени во нивната имплементација.

#### МЛАДИНСКИ СОВЕТОДАВНИ ОДБОРИ

**Австрискиот национален младински совет** (Austrian National Youth Council/ Bundesjugendvertretung – BJV) е тело кое законски ги претставува младите луѓе во Австрија. Советот е воспоставен во согласност со Актот за застапување на младите, со кој се редефинираше младинската определба на сојузно ниво. Член на младинскиот совет може да биде секоја младинска организација што ги исполнува критериумите на статутот. Во 2020 година Советот имаше 59 австриски детски и младински организации, кои имаат многу различни цели и идеолошка припадност, од членки со седиште во политичките партии и цркви до претставници на отворено младинско работење, етнички групи и малцинства, како и провинциски младински советодавни комитети. Оваа разновидност ги гарантира интересите на младите и нивното претставување на многу широка основа. Австрискиот национален младински совет е овластен да преговара за сите важни политички одлуки. Што се однесува до младинските прашања, Советот има статус на социјален партнер и затоа учествува во политички преговори во име на младите. Тела на Советот се: Пленарно собрание, Извршен одбор, Управен директор и Управен одбор. Пленарното собрание на сите членови се одржува најмалку еднаш годишно, а од него се избира Извршниот одбор. Управниот одбор се состои од 4 претседатели (претседателски тимови), максимум осум други членови на одборот, како и Управен директор со полно работно

[2] Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki Austria, Chapter 5: Participation: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/austria/5-participation

време со консултативен глас. Членовите на Управниот одбор не треба да бидат постари од 30 години. Управниот одбор се состанува најмалку 8 пати годишно, а неговиот функционален период изнесува две години. Националниот младински совет промовира соработка и развива проекти за поддршка на младите и работи на следниве полиња на дејствување: образование и работа (образование, вработување и неформално образование); млади и политика (учество, меѓународни работи, образование за државјанство, антифашизам); деца и млади (детски права, заштита на малолетници, сексуално здравје и репродуктивни права, волонтирање, домување, одржливост, здравје, воена/државна служба) и еднаквост (девојки/жени, родово интегрирање, социјална и дистрибутивна правда, разновидност/антидискриминација, меѓугенерациска правда). Националниот младински совет е финансиран од страна на неговите членови, државата и од донации.

Во сојузните држави постојат регионални младински совети кои ги консултираат и советуваат регионалните влади и одделенијата за млади. Федералните држави одлучуваат дали консултациите се задолжителни. Регионални младински совети постојат во провинциите: Бургенланд, Долна Австрија, Салцбург, Штаерска, Горна Австрија, Виена и Ворарлберг. Советите се состојат од претставници на младински организации. На локално ниво, младински совети постојат во различни градови, па дури и области на градови (Виена).

## СТУДЕНТСКИ СОЈУЗ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Австрискиот национален сојуз на студенти (Austrian National Union of Students'/ Österreichische Hochschülerinnen- und Hochschülerschaft, ÖH) е законски застапник на сите студенти пред надлежните министерства. Студентите во Австрија се внатрешно претставени на три различни нивоа. Австрискиот национален сојуз на студенти, согласно со законот, е општо претставничко тело на студентите во Австрија и има функција на студентска влада според федералниот закон. Сојузот е член на Европскиот студентски сојуз. Членството во Сојузот е задолжително за секој универзитетски студент во Австрија, вклучително и за кандидатите за доктори на науки. Статутите на сојузите се регулирани со федерален закон. Австрискиот национален сојуз на студенти дејствува како политичко тело на студентите, кое има за цел да ја унапреди положбата на студентите преку бројни услуги. Сојузот обезбедува федерална застапеност на студентите на државните универзитети, на приватните универзитети, напредните технички високостручни и образовни школи. Австрискиот национален сојуз на студенти е поделен во три сектори: претставници од студиска програма, претставници на универзитети и федерални претставници. Членовите на Сојузот се избираат на секои две години од редот на сите студенти. Тие ја формираат законодавната власт во рамките на мандатот и се состануваат двапати во семестарот. Главни задачи на Сојузот се преговори со Федералното министерство за образование, наука и истражување. Понатаму, надлежното министерство е обврзано да се консултира со Сојузот секогаш кога се планира/менува закон што ги засега студентите. Според структурата, Сојузот има повеќе комитети за образовна

политика, прашања за еднаквост; меѓународни прашања; и посебни проекти, социјална политика, економски прашања. Секој комитет има свој избран претседател и негов заменик. Сите состаноци на комитетите, освен оние на економскиот комитет, се јавно достапни. Комитетите најчесто се состануваат пред состаноците на федералното претставништво и ја одредуваат содржината на дневниот ред, подготвуваат апликации и служат како подготовка за состанок на федералното претставништво. Сојузот се финансира од членарини на студентите, кои се задолжителни. Работата на Советот е контролирана преку воспоставена комисија за внатрешна контрола. Комисијата се состои од четиринаесет члена и тоа: четири претставници избрани од федералниот министер, еден претставник избран од сојузниот министер за образование и жени, двајца претставници избрани од федералниот министер за финансии, тројца претставници на федералниот студентски сојуз и по еден претставник од конференциите на претседавачот на универзитетите.

## УНИЈА НА СРЕДНОШКОЛЦИ

Во Австрија, застапеноста на учениците е дефинирана со Актот за претставеност на учениците. Претставниците дејствуваат на три нивоа, на ниво на училиште, како и на регионално и на национално ниво. Во секое средно училиште се избираат претставници на ученици. Претставниците се дел од законски избраниот панел на училиштето составен од наставници, родители и ученици од средните училишта во Австрија. Панелот е најважното тело во училишниот живот кое решава за многу важни прашања од училишниот живот. Покрај тоа, избраниот претставник може да гласа на ниво на покраина или може да биде избран на ова ниво. Правата на застапеноста на избраните ученици се обемни – од свикување на состанок на претставници на одделението до правото на учество на состаноци на вработените и дисциплински состаноци, сослушувања и одржување на говори. На федерално ниво, претставувањето на учениците средношколци во државните училишта е од три вида училишта, гимназиски општи училишта, стручни средни училишта, како и стручни училишта. Секој од овие видови на училишта има од четири до осум претставника (според големината на сојузната држава) и ист број на заменици кои се избираат еднаш годишно. Избраните (водачи) имаат право да гласаат за своето училиште. Избраните водачи и првите два заменика може да бидат и кандидати за избор. Ова тело има право да ги претставува учениците во  парламентот и училишниот одбор на покраината. Тројца од учениците со најголем број на гласови можат да учествуваат на избор за претставување на средношколците на федерално ниво. Најчесто, две национални организации, како што се Австриската ученичка организација и Унијата на средношколци, се кандидираат за избори. И двете се финансирани од политички партии.

Претставниците на средношколците на федерално ниво ги сочинуваат три државни раководители од секоја од деветте австриски сојузни држави, како и двајца претставници на централните институции за настава, со вкупно 29 члена. Од нив се избира еден претставник за раководител и еден гласноговорник за секој вид на училиште. Тие се избираат на една година и имаат право да учествуваат и да бидат консултирани од сојузниот министер во преговорите поврзани со прашања што за нив претставуваат релевантни проблеми.

## 2.2 СЛОВЕНИЈА

Законската рамка овозможува партиципација на младите како членови во младинските организации и политичките партии на возраст од 15 години, додека младите може да учествуваат на избори или да бидат кандидати за избори со наполнети 18 години. Квоти или резервирани места за млади кандидати на кое било ниво не се предвидени со закон.

### 2.2.1 Постојна правна рамка

Не постои унифициран закон со кој се регулираат интересите, правата и партиципацијата на младите. Основни акти со кои се регулираат политиките за млади и младинската партиципација во Словенија се Законот за јавен интерес во младинскиот сектор, Законот за младински совет и Законот за здружување на студентите.

**Законот за јавен интерес во младинскиот сектор** (Zakon o javnem interesu v mladinskem sektorju, Uradni list RS, št. 42/10) се смета за најсеопфатен и обврзувачки официјален документ со кој се дефинираат потребите и/или правата на младите и се пропишува решавањето на младинските прашања. Со него се одредува јавниот интерес во младинскиот сектор, како и начинот на негово спроведување. Со Законот се регулираат работата и одговорностите на Канцеларијата за млади на Република Словенија и се обезбедува унапредување на интересите на младинскиот сектор на национално ниво. Врз основа на овој законски акт е усвоена Национална програма за млади и е формиран Совет за млади на Владата на Република Словенија. Законот се заснова на принципите на демократија, плуралност, интегритет, меѓугенерациска солидарност, еднаквост, недискриминација и правда, мултикултурализам, меѓукултурен дијалог, волонтирање, промовирање здрав начин на живот, почитување на животот и животната средина и учество на невладините организации во управувањето со јавните работи. Вклучува соодветни механизми за поддршка и развој на работата на младите и младинските организации, што се спроведува во соработка со автономни и демократски претставници на младински организации и стручни и други организации. Законот регулира различни области на младинска политика, меѓу другото и: автономија на младите, неформално учење и обука и зголемување на компетенциите на младите, пристап на младите до пазарот на трудот и развој на претприемништво кај младите, грижа за младите со помалку можности во општеството, волонтирање, солидарност и меѓугенерациско учество на младите, мобилност на младите и меѓународна интеграција, здрав начин на живот и спречување на разни форми на младинска зависност, пристап на младите до културните добра и промовирање на креативноста и иновативноста кај младите и учество на младите во управувањето со јавните работи во општеството. Со Законот се дефинирани политиката за млади и млади, младинската организација и организацијата за млади. Исто така, за прв пат, Законот ја дефинира младинската работа и структурираниот дијалог. Со Законот се определува кофинансирањето, како еден од главните механизми на располагање на организациите активни во областа на младите. Законот ги опишува условите за добивање, управување и трошење на овие финансиски средства.

**Законот за младински совет** (Zakon o mladinskih svetih – ZMS, Uradni list RS, št. 70/00 in 42/10) е усвоен во 2000 година, а последен пат е изменет и дополнет во 2010 година. Законот е донесен во консултативен процес во кој беше вклучен младинскиот сектор. Законот го дефинира Младинскиот совет на Словенија како доброволно чадорно здружение на национални младински организации. Со него се регулирани статусот, работењето, активностите и финансирањето на Националниот младински совет на Словенија и младинските совети на локалната заедница. Законот предвидува сите организации членки да ги промовираат интересите на младинскиот сектор. Главни активности се младинска работа и други младински активности што обезбедуваат услови за развој на младински иницијативи и нив ги поддржуваат и младински организации што обезбедуваат учество на младите во процесите на донесување одлуки и други активности што се од нивен интерес. Законот предвидува Советот на млади на Словенија и локалните младински совети да бидат консултирани од владата, министерствата, другите државни тела и локалните власти за законите и регулативите што се спроведуваат а се поврзани со младите. Законот ја дефинира финансиската поддршка што им е достапна на советите за млади и ја поставува рамката за следење и казните за несоодветно однесување на младинските совети.

**Законот за здружување на студенти** е усвоен во 1994 година од Националното собрание (Zakon o skupnosti študentov Uradni list RS, št. 38/94 in 59/19). Овој Закон ги регулира статусот, работењето и активностите на студентските здруженија во Словенија.

Иако не постои посебна стратегија за млади, **Резолуцијата за национална програма за млади 2013–2022** (Resolucija o Nacionalnem programu za mladino 2013–2022, Uradni list RS, št. 90/13), усвоена од Националното собрание на Република Словенија во 2013 година, претставува општ стратешки јавен документ или акционен план во кој се интегрираат главните насоки што треба да се следат при креирање политики за младински прашања на национално ниво. Надлежните министерства се одговорни за спроведување на националната програма, но Канцеларијата за млади на Република Словенија е одговорна за координација на спроведувањето на програмата преку акциски планови. Во суштина, Резолуцијата е тематски водич за младински политики и програми со која се дефинираат приоритетите и мерките од јавен интерес во младинскиот сектор и не е дел од друга општа стратегија за развој. Резолуцијата е хоризонтален документ преку кој се комбинираат мерки што се реализираат под надлежност на различни министерства за да се создадат нови стандарди за квалитет и да се обезбеди нивна конзистентност и видливост. Резолуцијата за националната програма за млади е изготвена врз основа на „Студијата за млади 2010: положбата на младите во Словенија". Резолуцијата за националната програма за млади ги дефинира обемот, целите и приоритетите во шест клучни области: 1) образование; 2) вработување и претприемништво; 3) домување; 4) здравје и благосостојба; 5) млади и општество и 6) култура и креативност. Покрај тоа, таа се фокусира и на демографија и клучни политики, како и методи за следење.

### 2.2.2 Институционална рамка

**Советот за млади на Владата на Република Словенија** (The Council of the Government of the Republic of Slovenia for Youth/Svet Vlade RS za mladino) е консултативно тело, формирано во согласност со Законот за јавен интерес во младинскиот сектор во 2009 година. Советот овозможува Владата и соодветните министерства да предлагаат, стимулираат и да препорачаат мерки и активности за зајакнување на младинската димензија, особено секторските јавни политики. Советот е составен од претставници на младински организации и разни министерства на еднаква основа. Со него раководи министерот за образование, наука и спорт. Советот има претседател и 19 члена, назначени со принципот на бипартиски состав (рамнотежа помеѓу владата и младинскиот сектор). Претставниците на младинските организации и здруженија се: тројца претставници на националните младински организации; еден претставник на Националниот младински совет на Словенија; еден претставник на младинските совети на локалната заедница; еден претставник на словенечкиот студентски сојуз; еден претставник на средношколската унија на Словенија; еден претставник на младинските организации во репрезентативните унии; еден претставник на младинските центри; еден претставник на други невладини организации активни во областа на младите. Во Советот се воспоставени четири работни групи, кои решаваат за најрелевантните теми за развој на младинската политика на ниво на државата. Советот се состанува најмалку четири пати годишно. Работата на Советот е регулирана во Деловникот за работа. Советот како консултативно тело предлага мерки и го следи разгледувањето на интересите на младите во различните јавни политики на национално ниво. Советот ѝ дава сугестии на Владата и на одговорните министерства за регулирање на младинските прашања и, особено, го промовира учеството на младите во овие процеси. Активностите на Советот се финансираат од буџетот на Канцеларијата за млади на Република Словенија.

### 2.2.3 Облици на младинско организирање и младинско учество

Идентификувани се четири облици на младинска партиципација: Национален младински совет, Студентскиот сојуз во високото образование, Средношколска унија и мрежа на словенечките младински центри MaMa. Овие претставнички тела се формирани во согласност со националната легислатива во доменот на младинско здружување[3].

**НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА СЛОВЕНИЈА** (National Youth Council of Slovenia/Mladinski svet Slovenije) е волонтерско здружение на национални младински организации со статус на организација од јавен интерес во младинскиот сектор. Националниот младински совет брои 11 организации со полноправно членство и две придружни организации членки (2020 година). Структурата на Националниот младински совет ја сочинуваат: Собрание, Надзорен одбор и Управен одбор. Собранието е составено од двајца претставници од секоја од полно-

[3] Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki, https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/slovenia/5-participation

правните организации и претседател на Националниот младински совет. Собранието се состанува најмалку двапати годишно. За позициите на Надзорниот одбор и Извршниот одбор, изборите се одржуваат на секои две години. Активистите членови може да бидат избрани во три последователни мандати и не смеат да бидат постари од 33 години на денот на изборите. Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш годишно. Кандидатите за избрани функции можат да бидат предложени од организациите членки, а процесот на избор е целосно во доменот на организациите членки. Номинациите за членство во управниот одбор вклучуваат писмена поддршка за кандидатура од најмалку четири организации членки, покрај организацијата што го предлага кандидатот. Изборите се одржуваат со тајно гласање. Согласно со улогата и одговорностите, Националниот младински совет ги брани интересите на младите и го промовира младинското учество во формулирање на политики што имаат значително влијание врз нивните животи и работа. Неговата улогата е во согласност со Законот за младински совет и Законот за јавен интерес во младинскиот сектор. Националниот младински совет го поттикнува развојот на доброволно организирање од страна на младите и работи на зајакнување на активноста на младинските организации. Одговорностите на Националниот младински совет се: креирање на младински политики, младинско застапување, соработка со владини институции, меѓународна соработка, подготовка на разни обуки и едукативни материјали, промоција на волонтерството, соработка со академската заедница, обезбедување информации, координација на младинските совети, законски активности и други активности за организациите членки, имплементација на различни проекти. Националниот младински совет е вклучен со учество во граѓански дијалог во рамките на Советот на Владата за индивидуална соработка на младите со министрите. Националниот младински совет се финансира од сопствени средства што се стекнати од членарина и други придонеси на организациите членки, државниот буџет и буџетите на локалните заедници, имотни права и донации, како и од други извори. Главни финансиери се: Канцеларијата на Република Словенија за млади, Националната агенција на програмата Еразмус+: Млади во акција и Европската младинска фондација. Кога се користат средства, Националниот младински совет одговара пред Канцеларијата на Република Словенија за млади.

Освен Националниот младински совет на Словенија, формирани се неколку локални младински совети. Во некои општини има посебни тела, како на пример, комитет или комисија за млади. Тие ги поврзуваат локалните младински организации и ја претставуваат основната структура за учество на младите во јавните работи на локално ниво.

## СОЈУЗИ НА СТУДЕНТИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Сојузот на студенти во високото образование (Slovenian Student Union/ Študentska organizacija Slovenije) е основан во согласност со Законот за здружување на студентите во 1994 година. Сојузот обединува повеќе од 100 000 студенти од словенечките универзитети, колеџи, стручни училишта и високообразовни институции во странство. Сојузот вклучува студентски организации на три словенечки универзитети (Студентска ор-

ганизација на Универзитетот во Љубљана, Студентска организација на Универзитет во Марибор и Студентска организација на Универзитетот во Приморска) и 58 (локални) студентски клубови што дејствуваат во рамките на Здружението на студентски клубови. Фундаментален акт што ја регулира работата на Сојузот е студентскиот устав. Главните органи во работењето на Сојузот на студенти се: Собрание, Претседателство, Надзорна комисија и Трибунал. Собранието на Сојузот се состои од 127 членови и е поделено на конвенција и совет. Претседателството и Трибуналот имаат девет члена, додека Надзорната комисија се состои од осум члена. Членовите на Собранието и на Надзорната комисија се избираат на двегодишни мандати, додека членовите на Претседателството имаат едногодишен мандат. Претседателството на Сојузот го сочинуваат: претседателот, претседателите на извршната власт на секоја од студентските организации на универзитетите, претседателите на советот на студентски организации на локалните заедници, по еден претставник од секој универзитет, организација и еден претставник од советот на студентски организации на локалните заедници. Надзорната комисија се состои од двајца избрани претставници од студентските организации на трите универзитети и од советот на студентски организации на локалните заедници. Собранието се состанува еднаш или двапати годишно, Надзорната комисија има редовни седница еднаш месечно, а Претседателството има редовни седници еднаш неделно (со исклучок во летниот период). Трибуналот се состанува само доколку е потребно.

Сојузот на студенти во високото образование мора да биде информирана кога Владата подготвува нов акт што е релевантен за студентите. Сепак, позицијата на Сојузот не е обврзувачка за Владата. Според Законот за високо образование, Сојузот на студенти во високото образование именува претставници во јавни тела, како што е Словенечката агенција за обезбедување квалитет за високото образование. Сојузот во најголем процент се финансира преку јавни финансии (приближно 96 %). Огромен дел од овие средства (над 80 %) доаѓаат од такси за концесија. Оваа разлика е особено важна затоа што не станува збор за претходно загарантирана сума, туку зависи од обемот на работа (привремени и повремени работни места за ученици и студенти) извршена од студенти. Надзор врз користењето на јавни средства од страна на Словенечкиот сојуз на студенти врши Судот за ревизија и Комесарот за информации.

## СРЕДНОШКОЛСКА УНИЈА

Законот за здружување на студентите е правна рамка согласно со која функционира Средношколската унија на ученици во Словенија. Главните органи на Средношколската унија се: Парламентот, кој служи како претставнички орган на учениците; Советот, кој обезбедува имплементација на одлуките на Парламентот и Претседателството, кое е извршен орган, одговорен пред Парламентот и Советот да спроведува годишна програма за работа, како и претседател, кој ја претставува Средношколската унија и ја координира работата на главните органи. Словенечката средношколска унија е организација на сите ученици од средните училишта. Секое средно училиште во Словенија со статус на „правно

лице" има право да има еден делегат во Парламентот. Бројот на сите делегати е околу 150. Делегатите се назначени од демократското тело за функционирање на ученичката заедница на ниво на училиште. Нема јавни мерки или упатства што овозможуваат поголема вклученост и разновидност, ниту пак постојат мерки за поголемо учество на учениците.

Средношколската унија, како претставник на учениците, има место во владиниот совет за млади, каде што претставници на младите дебатираат за сите промени во областа на младинската политика.

**MaMa** (MaMa Network/Mreža MaMa) е мрежа на словенечките младински центри составена од 50 членки. Мрежата MaMa се смета како еден од највлијателните актери во младинскиот сектор што ги поврзува сите организации што вршат активности на младински центар или работат во областа на младинска работа во Словенија. MaMa ги претставува заедничките интереси на членовите и промовира креативни активности кај младите. MaMa ги нагласува принципите на толеранција и соработка, како и социјалната свест кај своите членови и пошироката јавност. Органи на мрежата MaMa се: Совет, Стручен совет, директор, заменик-директор (не задолжително) и Собрание. Младинската мрежа MaMa се финансира од членарина, придонеси на основачите, спонзорства, субвенции, подароци и волонтирање, грантови, доброволни прилози, јавни и приватни тендери, плаќања за услуги и производи, легати и други ресурси во согласност со законот и од сопствените активности.

## 2.3 СРБИЈА

Клучни моменти значајни за обезбедување поддршка и управување со младинската политика на Република Србија претставуваат формирањето на Министерството за млади и спорт во 2007 година и имплементацијата на Законот за млади[4] во 2012 година. Потоа следува усвојување на Националната стратегија за млади 2015–2025 и други релевантни документи[5] и политики за младите што се суштествени во имплементација на младинските прашања. Министерството ги координира активностите поврзани со имплементацијата на овие стратешки и законски документи, а заедно со различните тела е одговорно за посебни области во младинскиот сектор и за сите други чинители на младинската политика. Други актери на младинска политика во Република Србија се: провинцискиот секретаријат за спорт и млади; ресорните министерства; единиците на локалната самоуправа/локалните канцеларии за млади; Националниот младински совет на Србија, Кровна организација на млади; институции и младински здруженија што реализираат активности за млади и други актери што учествуваат во спроведувањето на младинската политика.

### 2.3.1 Постојна правна рамка

**Законот за млади** (Law on Youth/Zakon za mlade,The Ministry of Youth and Sports, Law on Youth,"Official Gazette of RS", No. 50/2011) ги регулира мерките и активностите преземени од Република

4 Усвоен на 5.6.2011 г. а стапува на сила на 17.1.2012 г.

5 Акционен план за имплементација на Националната стратегија за млади, Стратегијата за развој на млади, Законот за работни односи итн.

Србија, автономната покраина и локалните самоуправи насочени кон подобрување на социјалниот статус и положбата на младите и создавање услови за решавање на потребите и интересите на младите во сите области од интерес за младите луѓе. Со него се дефинираат општите цели на младинската политика во Србија; се предвидува развој на Националната стратегија за млади; се идентификуваат млади и здруженија на млади како едни од клучните актери во развојот и спроведувањето на младинската политика. Законот го регулира формирањето на Советот за млади, канцеларии за млади и Агенцијата за млади. Тој ја поставува рамката за финансирање на програми и проекти во младинскиот сектор и ја утврдува улогата на институциите во следењето на младинската политика. Целта на Законот е создавање услови за поддршка на младите во организации, социјален активизам, развој и исполнување на нивниот потенцијал за нивно и за доброто на општеството. Во согласност со Законот за млади, во 2014 година, Владата го формира Советот за млади, советодавно тело со функција за усогласување на активности поврзани со развојот и спроведувањето на младинската политика и предлагање мерки за нејзино подобрување.

**Националната стратегија за млади 2015–2025**[6] е усвоена од Националното собрание на Република Србија во 2015 година (The Government of the Republic of Serbia, National Youth Strategy 2015-2025, “Official Gazette of RS”, No. 22/2015). Стратегијата се заснова на стратешката ориентација на Владата за работа со и за младите луѓе. Министерството за млади и спорт е највисок орган одговорен за координација, развој и подобрување на младинската политика, за Националната стратегија за млади, како и за други национални планови и програми за млади. Владата има улога во формирање работна група одговорна за следење на спроведувањето на Стратегијата. Во текот на целиот процес, Министерството за млади и спорт ѝ обезбедува професионална, административна и техничка поддршка на работната група. Младинскиот совет е вклучен и во следење на спроведувањето на Стратегијата, додека министерствата вклучени во работата на Советот за млади подготвуваат извештаи за постигнатите резултати во работата со младите и во спроведувањето на Стратегијата. Овие извештаи се усвојуваат на состаноците на Советот и се јавно достапни на веб-страницата на Министерството. Стратегијата претставува клучен механизам за спроведување, координација и за подобрување на младинската политика, како и за создавање поддршка и почитувана средина за младите и нивните иницијативи. Врз основа на Стратегијата се изготвени акциски планови за нејзино спроведување. Притоа, досега се развиени два акциски плана (за 2015–2017 и за 2018–2020 година). Стратегијата ги утврдува основните принципи на дејствување, насоките и очекуваните резултати од активностите на сите чинители на младинската политика кон подобрување на социјалната положба на младите и создавање услови за целосно остварување на нивните права и интереси во сите области. Целта е да се постигне сите секторски политики да ги препознаваат младите и нивните потреби и потенцијали и да го олеснат нивното учество во стратешкото одлучување, спроведување, следење и проценка. Стратегијата вклучува различни цели

[6] На Стратегијата 2015–2025 ѝ претходеше Националната стратегија за млади 2008–2014.

што се поврзани со младите од ранливите социјални групи, младите од групата НЕЕТ, младите мигранти итн. Стратегијата е дефинирана според партиципативен пристап, со учество на младите и нивните претставници во креирањето на Стратегијата.

### 2.3.2 Институционална рамка

**Советот за млади** (Youth Council/Savet za mlade) е јавно советодавно тело финансирано од државниот буџет. Советот е составен од претставници на државната администрација, управно тело на покраината Војводина, младински организации и здруженија, канцеларии за млади, совети за национално малцинство и експерти. Советот за млади има улога да предлага мерки и да иницира и усогласува активности за подобрување на развојот и спроведувањето на младинската политика. Советот брои 24 члена, од кои еден претседател, десет претставници на државни тела, еден претставник на управното тело на покраината Војводина, еден претставник на советите на националното малцинство, двајца претставници на канцелариите за млади, еден експерт и осум претставници на младинските организации и здруженија, од нив една третина се младински претставници. На состаноците на Советот за млади како дополнителни претставници можат да присуствуваат претставници на различни јавни институции и младински организации (како што се државни секретари, специјален советник на министерот, дополнителни претставници на Министерството за млади и спорт, Национален младински совет на Србија – КОМС итн.). Советот за млади одржува најмалку два состанока годишно. Членовите на Советот за млади се избираат по пат на објавување на јавен повик од страна на Министерството за млади и спорт, а изборот го врши комисија формирана при Министерството. Исто така, јавните институции активни во областа на младите, одделно номинираат претставници за членство во Советот на млади.

### 2.3.3 Облици на младинско организирање и младинско учество

Идентификувани се пет облици на младинска партиципација: Студентска конференција на српските универзитети, Средношколска унија на ученици, Национален младински совет на Србија, Национална асоцијација на практичари на младинска работа и Национално здружение на локалните канцеларии за млади. Овие претставнички тела се формирани во согласност со националната легислатива во доменот на младинско здружување[7].

**СТУДЕНТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СРПСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ – СКОНУС** (Student Conference of Serbian Universities/SKONUS) е највисокото репрезентативно тело на студентите на српските универзитети, регулирано со Законот за високо образование. Таа е основана за постигнување заеднички интереси на студентите како партнери во процесот на високото образование во Србија, координирање на работата и воспоставување на заедничка политика на студентските парламенти на српските универзитети и за водење на

[7] Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki Serbia, Chapter 5: Participation на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/serbia/5-participation

операциите утврдени со Законот. Членовите на СКОНУС се студентски претставници од сите студентски парламенти на акредитираните универзитети во Србија. Студентската конференција на српските универзитети разгледува прашања од заеднички интерес за унапредување на високото образование во Република Србија. Таа дава мислење до Министерството за образование, наука и технолошки развој, до Националниот совет за високо образование и до Конференцијата на српскиот универзитет за обезбедување, контрола и промовирање на образовно-научни активности на универзитетите. Според структурата, СКОНУС има Собрание, претседател, Претседателство, Парламентарен комитет, Претседателски совет, Секретаријат и Алумни клуб. Собранието го сочинуваат студентски претставници делегирани од студентските парламенти на српските универзитети. Собранието има претседател, потпретседатели и секретар, кои се избираат од редовните на Собранието. Претседателот го избира Собранието за период од две години. Претседателството е највисокото тело за донесување одлуки помеѓу двете седници на Собранието. Претседателството донесува регулативи, одлуки и резолуции. Парламентарниот комитет има претседател, заменик-претседател и членови на одборот. СКОНУС има 11 одбори[8], а членовите на одборот ги верификува Претседателството. Правилник за работа на одборот донесува Претседателството. Секој одбор има свој деловник изработен од Претседателството. Улогата на Претседателскиот совет е да ја координира работата на универзитетите во Србија. Претседателскиот совет дава мислења и препораки во врска со прашањата под јурисдикција на СКОНУС. Претседателскиот совет се состанува најмалку еднаш во текот на семестарот. Претседателскиот совет го сочинуваат претседателот, заменик-претседателот и претседатели или проректори на универзитетите членки. Работата на Секретаријатот ја води и ја координира генералниот секретар, кој се избира по постапка и на начин утврден со Статутот. Секретаријатот има 7 сектори и тоа за: финансии, односи со јавност, проекти, информатичка технологија, правни работи, обука и образование и за логистика. СКОНУС се финансира од средства од буџетот на Република Србија.

**СРЕДНОШКОЛСКАТА УНИЈА НА УЧЕНИЦИ – СУУС** (Union of Secondary School Students of Serbia) е невладина организација основана во 2003 година. Унијата е независна во својата работа. Унијата е застапена во Министерството за млади и спорт, Министерството за образование и наука, УНИЦЕФ, Националниот демократски институт, Националниот младински совет на Србија итн. Согласно со структурата, Унијата има: Собрание, Управен одбор, Совет на алумни и Надзорен одбор. Унијата има приближно 100 000 ученици и 192 ученички совети. За членство во Унијата, кандидатите пополнуваат формулар кој е оценет од Управниот одбор. Мандатот на Управниот одбор трае 2 години, додека мандатот на останатите тела на Унијата трае една година. Собранието се сретнува еднаш годишно, додека Надзорниот одбор се состанува најмалку 3 пати годишно. Сос-

[8] Одбор за реформа и развој на одборот за високо образование, одбор за меѓународна соработка, одбор за соработка за студентски стандарден, одбор за економија, научен одбор, одбор за заштита на животната средина, одбор за поддршка на јавното здравје за спорт и меѓународно здравје, одбор за пристапување, одбор за волонтирање и хуманитарни работи, одбор за култура, одбор за професионален развој на студенти.

танокот на Управниот одбор и Советот на алумни не се регулирани. Средношколската унија на ученици на Србија има за цел да ги претставува и застапува учениците од средните училишта на национално и европско ниво. СУУС е една од осумте европски организации кои организираат Социјален ден на кој учениците во училиштата волонтираат со цел да заработат пари за подобрување на нивната училишна средина и културен живот. Унијата нема директна улога во креирањето на политиките, сепак, како член на на Организациското биро на европски средношколски унии, учествува во креирање на европските политики за млади и политиките за средношколско образование. Унијата се финансира од доброволни прилози на членовите, доброволни прилози на други физички и правни лица, донации или спонзорства и други извори во согласност со Законот.

Министерството за млади и спорт го поддржа формирањето на кровната организација **Национален младински совет на Србија** (КОМС), како и работата и развојот на **Националната асоцијација на практичари на младинска работа** (НАПОР) и **Националното здружение на локални канцеларии за млади**.

**НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА СРБИЈА** (National Youth Council of Serbia/Krovna organizacija mladih Srbije, KOMS) е најголемото репрезентативно младинско тело во Србија со над 100 младински организации или здруженија на организации регистрирани во Србија. Согласно со структурата, Националниот младински совет на Србија има: Собрание, Управен одбор, Комитет за надзор и генерален секретар. Улогите на Националниот младински совет на Србија се: формулирање политики, вредности и професионални мислења во областа на младинската работа и во врска со младинската работа, учество на јавни расправи во врска со младинската политика, учество во младински совет и следење на спроведувањето на Националната стратегија за млади 2015–2025, организирање настани, семинари, советување од областа на младинската политика и други политики важни за младите, соработка со јавни институции, различни национални и меѓународни организации, градење на капацитети на нејзините членови, собирање и обработка на документација и публикации за младинска политика. Националниот младински совет на Србија добива средства од членарина, донации, подароци, финансиски субвенции и друго.

**НАПОР** е **Национална асоцијација на практичари на младинска работа** (National Association of Youth Work Practitioners/Nacionalna asocijacija prakti/ara/ki omladinskog rada, NAPOR) во која членуваат 51 младинска организација и организации за млади. Тоа е стручно здружение на младински организации, чија мисија е да создадат и креираат услови за гарантирање на квалитетот и препознавање на младинската работа, со цел развој на потенцијалот на млади и младински работници, кои придонесуваат за благосостојбата на заедницата и општеството. Според структурата, НАПОР се состои од: Собрание, Управен одбор, извршен директор, надзорен директор, Надзорен комитет и Совет за етички прашања. НАПОР се финансира од членарина, донации, подароци, финансиски субвенции и друго. Дополнително, НАПОР добива приход и преку консултантски активности.

## 2.4 ФИНСКА

Младинската политика во Финска е насочена кон подобрување на условите во кои растат и живеат младите и кон поттикнување интеракција помеѓу генерациите преку меѓусекторска соработка. Министерството за образование и култура е одговорно за целокупниот развој на младинската работа и младинската политика, додека општините се одговорни за спроведување на младинската политика и младинската работа на локално ниво.

Специфични законски документи користат различни дефиниции за поимот млади, што доведува до разлики во однос на определувањето на возрасната категорија млади. Законот за млади ја дефинира категоријата млади како лица под 29-годишна возраст (Youth Act, 2017, Chapter 1, Section 3)[9]. Политиките за невработеност кај младите се однесуваат на оние на возраст од 15 до 24 години.

### 2.4.1 Постојна правна рамка

Финска законски ја регулира младинската работа уште од почетокот на 1970-тите. **Законот за млади** ги опфаќа младинската работа, младинската политика, соодветните одговорности на централната и локалната власт, меѓусекторската соработка, како и финансирањето од страна на државата. Законот за млади е надополнет со Уредба на Владата за младинска работа и политика за млади. Специфичните права и обврски на младите се дефинирани во други закони, како што се Законот за благосостојба на децата и Законот за основно образование. Имплементацијата на Законот за млади се заснова на солидарност, културна разновидност и меѓународност, одржлив развој, здрав начин на живот, почитување на животот и животната средина и меѓусекторска соработка. Како дел од националната младинска работа и младинска политика, Законот ги дефинира задачите и улогите на Министерството за образование и култура, регионалните државни административни агенции, Државниот младински совет и Комисијата за проценка и државна помош. Имено, Законот за млади ги дефинира улогите и одговорностите на локалните власти, младинските здруженија и другите организации што се занимаваат со младинска работа. Законот ја прецизира потребата од консултација на младите лица за прашања што се во нивен интерес. Законот вклучува и посебни одредби за теренска младинска работа и за младински работници, чија цел е да им помогнат на младите што имаат потреба од поддршка.

**Националната програма за младинска работа и младинска политика** (Government Decree on Youth Work and Youth Policy 2017) се усвојува од страна на Владата на секои четири години. Националната програма е во согласност со Законот за млади, а се изготвува во консултативен процес кој вклучува интервјуа со млади, истражување на засегнатите страни, можност за пишување изјави и коментар за нацртот на програмата преку интернет. Една од главните цели на Програмата е да се воспостави перспектива за младинската политика како дел од одлучувањето во јавниот сектор. Програмата содржи подетални мерки и задачи потребни за постигну-

[9] The Ministry of Education and Culture (2017) Youth Act, https://minedu.fi/documents/1410845/4276311/Youth+Act+2017/c9416321-15d7-4a32-b29a-314ce961bf06/Youth+Act+2017.pdf

вање на целите дефинирани во програмата на Владата, како и другите владини стратегии и програми. Исто така, Програмата вклучува цели за европски и меѓународни активности на младинскиот сектор и ги дефинира приоритетите на избраните фински национални центри за младинска работа. Главни тематски подрачја на актуелната Национална програма за младинска работа и младинска политика 2020–2023 година се спречување на социјалното исклучување и зајакнување на вклученоста на младите. Програмата вклучува опис на состојбата на младите заснована врз статистички податоци и истражувања врз деца и млади.

### 2.4.2 Институционална рамка

Национално тело за младински политики е **Државниот младински совет**[10] (The State Youth Council) како експертско тело што му помага на Министерството за образование и култура во однос на прашањата со младите. Ова експертско тело има функција на советодавно тело за младинска работа и младински политики. Финска нема воспоставено посебна национална агенција за млади. Неколку министерства и нивни оддели се одговорни за младински прашања, програми и споделување на информации поврзани со младите.

Структурата на младинските организации ја сочинуваат: младински парламент, совети за млади и/или младински советодавни одбори, студентски унии, средношколски унии и други младински невладини организации.

[10] https://tietoanuorista.fi/en/nuora/

### 2.4.3 Облици на младинско организирање и младинско учество[11]

**Националниот младински совет Алијанси** (The National Youth Council Allianssi) е основан во 1992 година преку спојување на три организации за младинска работа: Нуорисотин Кескус НТК (Nuorisotyön Keskus NTK), Центар за граѓанско образование КаКе (CHT Civic Education Centre KaKe) и Национален комитет на фински младински организации (National Committee of Finnish Youth Organizations SNT). Алијанси е аполитична и верски неутрална организација, има улога на лоби организација која моментално обединува над 140 национални организации од младинскиот и образовниот сектор. Главна цел на Алијанси е превенција на социјалното исклучување на младите луѓе, што се смета за најголем проблем во Финска. Исто така, Алијанси има за цел да им помогне на младите да се развијат во одговорни членови на општеството и да го промовираат нивното учество во донесување одлуки и меѓународни активности. Тие се застапуваат за благосостојба на младите и за доволно ресурси за младинскиот сектор. Алијанси нуди услуги на актерите во младинскиот сектор и младинската работа во организации, општини и парохии. Согласно со структурата на управување, Алијанси има претседавач и заменик-претседавач. Највисоко тело за одлучување на Алијанси е Одборот составен од девет членови и девет заменици, кои претставуваат широк спектар на актери во младинскиот сектор. Членовите на Одборот се избираат на годишните средби на кои се менува половина од неговата структура. Работните планови и записници

[11] Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki Finland, Chapter 5: Participation: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/finland/5-participation

на Одборот се транспарентно достапни во банката за материјали. Алијанси има над 20 посветени експерти за феномени и теми поврзани со младите. Работата на Алијанси е финансирана преку субвенции за младински организации на Министерството за образование и култура.

**МЛАДИНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ** (Youth Parliament) на Финска е формиран на почетокот на 1998 година. Иако не е директно дел од уставната структура, ниту пак се споменува во Законот за млади, тој ги реализира целите споменати во двата акта преку зајакнување на учеството на младите луѓе. Младинскиот парламент е организиран и финансиран како дел од соработката на финскиот парламент и Центарот за развој Опинкирјо. Младинскиот парламент брои 199 члена, кои се состануваат на пленарна сесија на секои две години. Членовите на Младинскиот парламент се ученици од 8 и 9 одделение (15–16 години), кои ги претставуваат своите парламентарни групи на локално ниво. Парламентот ја негува разновидноста на финското општество, вклучувајќи ги и учениците од специјализираните училишта. Пленарната седница е организирана во форма на парламентарна сесија со која претседава претседателот на Парламентот. Најважен момент претставува презентирањето и дискусиите со пратениците во финскиот парламент. Во рамки на парламентот, група млади имаат улога на новинари, тие учествуваат во настан на кој се поставуваат прашања на политичарите. На оваа средба присуствува по еден парламентарец од секоја пратеничка група. Нивна задача е да одговорат на прашањата на младите новинари. Слична таква парламентарна активност на локално ниво обично има во форма на клуб на пратеници. Целта на Младинскиот парламент е да ги инспирира младите да се вклучат во праување позитивна разлика за проблеми што се важни за нивната генерација.

**МЛАДИНСКИ СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА**

Според законот за локална самоуправа, сите општини мора да имаат младински совет или еквивалентна акциона група за млади. **Локалниот младинскиот совет** (Local Youth Council) може да влијае врз активностите за планирање, подготовка, спроведување и следење на различни активности и програми што се релевантни за благосостојбата на жителите, здравјето, студирањето, животната средина, животот и јавниот превоз, како и за други прашања што младинскиот совет смета дека се релевантни.

**СОЈУЗОТ НА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ** (The Union of Local Youth Councils/ Suomen Nuorisovaltuustojen Liitto NUV) е чадорна организација на национално ниво која се состои од осум окружни организации, индивидуално регистрирани во невладини организации. Функцијата на Сојузот на локални младински совети е делумно финансирана од Министерството за образование, а неговиот статус на младинска организација е во согласност со Законот за млади. Мисијата на Сојузот е да соработува, да ги застапува и да ги едуцира локалните младински совети. Сојузот има улога на експертско тело за учество на младите во Финска кое соработува со младинските работници, државните службеници и политичарите. Негови членки се и индивидуални членови на локалните младински совети. Членството е доброволно и за него се плаќа симболична членарина. Членовите на Сојузот се на возраст од 13 до 20 години. Највисокото тело за донесување одлуки е Генералното собрание што се одржува еднаш годишно. Секој член на Сојузот има глас во Генералното собрание. Генералното собрание избира

претседател, двајца потпретседатели и помеѓу четири и десет члена на одборот за период од една година. Исто така, одлучува за планот за работа, за буџетот и за членарината за следната година. Целта на Сојузот на локалните младински совети во Финска е да поттикне соработка помеѓу локалните младински совети, да го зајакне учеството на младите, да го поддржи образованието за демократија и да се грижи за публицитетот на младинските совети на национално ниво. Сојузот е одговорен за помагање во основање на нови младински совети и едукација на младинските совети за нивните права, улоги и можности. Со цел да се постигнат овие цели, Сојузот организира семинари, настани на национално ниво и училишни настани на локално ниво и за младинските совети и за претставниците на градот. Сојузот активно комуницира со властите и политичките чинители, како што се Министерството за образование и култура и Министерството за финансии.

Сојузот работи на унапредување на можностите на младите и на донесување одлуки, исто така на своите членки им нуди можност за вмрежување, интеракција и размена на идеи. Ова го постигнува и преку „банката на материјали и знаење" од отворен пристап „Ваикуте", каде што бесплатно нуди информациски материјали. Сојузот соработува и со Здружението на финските локални и регионални власти. Од почетокот на 2018 година, Сојузот е дел од конзорциум кој е администриран од Младинската академија, избран од Министерството за култура и образование, со цел  да функционира како центар за работа на млади за експертиза за младинско учество, а реализиран е во соработка со Центарот за развој Опинкирјо.

## СТУДЕНТСКИ УНИИ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Секој универзитет и универзитет за применети науки има своја студентска унија основана во согласност со Законот за универзитети и Законот за политехника[12]. Членството е доброволно, но големо поради придобивките што ги имаат студентите со студентската картичка. Студентските унии ги застапуваат интересите на студентите при донесување одлуки, како на институционално, така и на локално ниво, на пример при изборот на претставници на телата за донесување одлуки на универзитетите. Финансирањето на униите се заснова на членарина и алокации од институцијата.

Поединечните студентски унии се членки на една од националните студентски унии: Националната унија на универзитетски студенти (National Union of University Students – SYL), која ги претставува интересите на студените од 14 универзитети и Унијата на студенти на универзитетите за применети науки (University of Applied Sciences Students – SAMOK), која ги претставува интересите на студентите од 26 универзитети за применети науки. Највисокото тело за донесување одлуки на националните студентските унии е Генералното собрание, кое обично се одржува еднаш годишно. Главна должност на студентските унии е да изберат претседател и членови на одборот за период од една година. Исто така, тие имаат одговорност да одлучуваат за содржината на планот за работа, буџетот и членарината за наредната година. Моќта за донесување одлуки ја имаат претставници со мандат од студентските унии. Националните студентски унии имаат за задача да ги штитат правата на студентите и да се залагаат за еднаков

[12] https://karvi.fi/app/uploads/2016/05/5-Polytechnics-Act.pdf

пристап на студентите. Двете унии имаат широко призната експертиза во доменот на образованието, домувањето, социјалната и здравствената заштита на студентите. Тие се застапени во различни национални тела, вклучително како што е Советот за високо образование и неговите поткомитети, потоа комитети и работни групи при Министерството за образование. Двете организации се членки на Европската унија на студенти.

### УНИИ НА СРЕДНОШКОЛСКИ УЧЕНИЦИ

Согласно со Законот за средни училишта и Законот за средно стручно образование, секоја образовна институција е должна да има свое ученичко тело организирано од ученици што го избираат својот одбор по пат на гласање. Ученичките унии се регистрирани организации кои во согласност со законот ги застапуваат интересите на учениците во образовната унија, но и на локално ниво. Членови на унијата партиципираат во органите на институцијата.

Во Финска постојат следните средношколски унии: Унијата на ученици на средните училишта (Union of Upper Secondary School Students), која брои 50 000 члена; Националната унија на ученици од стручните училишта во Финска (National Union of Vocational Students in Finland) со 100 000 члена и Финската ученичка унија (Finnish Student Alliance – OSKU) со 25 000 члена. Исто така, за учениците што зборуваат шведски јазик на ниво на основно и средно училиште постои Ученичка унија на шведски јазик во Финска (Swedish-speaking School Student Union of Finland) со 5 000 члена. Членството во униите е доброволно и се базира на плаќање на членарина. Униите се финансираат преку членарина и финансиска помош од Министерството за образование и култура, согласно со Законот за млади. Во некои од униите постои и мрежна структура, што значи дека членовите се поделени на подорганизации засновани врз географскиот регион. Највисокото тело за донесување одлуки на националните средношколски ученички унии е генералното собрание. Тоа се одржува еднаш годишно. Собранието ги избира претседавачот и другите членови на одборот и одлучува за планот за работа и буџетот на унијата и членарината за наредната година. Како и во високото образование, основна задача на националните средношколски ученички организации и училишните ученички унии е заштита на правата на учениците на локално и национално ниво. На национално ниво, униите имаат свои претставници во различни комитети и работни групи на Министерството за образование и култура, на пример, во работната група наменета за подобрување на системот за стипендии. Униите, со исклучок на Финскиот студентски сојуз, се членки на Организациското биро на европските училишни унии.

## 2.5 ЛИТВАНИЈА

Младинската политика во Литванија е насочена кон заштита на безбедноста на интересите на младите во доменот на јавната политика, пред сѐ образование, култура, спорт, работа и вработување, домување, здравје, креативност и сродни политики, како и младинска работа, т.е. образование за млади, со цел да им се овозможи на младите да учат преку искуство во доброволни активности.

### 2.5.1 Постојна правна рамка

**Законот за врамување на младинската политика** првпат е усвоен во 2003 година,

а неговите измени и дополнувања се усвоени во 2005 и 2018 година (Republic of Lithuania. Law on Youth Policy Framework. 4 December 2003 No IX-1871 (last amended on 22 november 2005 – No X-413). Согласно со Законот, младинската политика претставува активност насочена кон решавање на младинските проблеми, создавање на поволни услови за формирање на младата личност и нејзина интеграција во јавниот живот, како и активност, чија цел е да се постигне разбирање и толеранција на општеството и неговите индивидуални групи во однос на младите. Законот ги утврдува принципите и полињата на спроведување на политиката за млади, како и организацијата и управувањето со спроведувањето на политиката за млади. Тој е носечкиот Закон со кој се утврдуваат условите за работа на младинските организации, како и советите за младински организации. Законот предвидува обврска државните органи да ги консултираат младите и нивните претставници. Согласно со Законот се воспоставени одговорните институции на национално ниво: Државен совет за младински прашања и Совет за младински прашања на локално ниво. Имено, на локално ниво Законот ја утврдува улогата на општинските координатори за младински прашања, совети за младински прашања и совети на младински организации. Контрола и надзор над спроведувањето на Законот врши Министерството за социјална заштита и труд. Одговорноста и надзорот за спроведување на младинската политика му е доделена на Одделот за младински прашања при Министерството, кој го надгледува спроведувањето на мерките за младинска политика усвоен од Европската комисија. Во рамки на Одделот е воспоставен Државен совет на младите. Дополнително, во Секторот за семејство и заедница при Министерството функционира оддел за млади со следниве функции релевантни за младинската политика: координирање на спроведувањето на младинската политика, извршување национални и меѓународни обврски во областа на младинската политика, спроведување на мерките пропишани во поделбите релевантни за младинската политика што се спроведени од Европската Унија и Европскиот совет, координирање на спроведувањето на функцијата за заштита на правата на младите во државата на локално ниво. Законот, исто така, го регулира спроведувањето на младинската политика на локално ниво. Согласно со Законот, со одлука на општински совет може да се формираат постојани и ад хок општински совети за младински прашања. Ад хок општинските совет за младински прашања имаат за цел да испитаат специфични проблеми. Општинските совети се составени на принцип на паритет од претставници на младински организации и институции на локално ниво. Исто така, Законот предвидува формирање на регионални младински совети. Координаторот за младински прашања им помага на општинските институции да ја подготват и спроведат општинската политика за млади. Координаторот за младински прашања служи како медијатор меѓу политичарите во општината, службениците, како и младите. Координаторите за младински прашања ги надгледуваат и иницираат мерките неопходни за спроведување на младинската политика. Со оглед на соодветната соработка во областа на младинските работи, координаторите соработуваат со Министерството за социјална заштита и труд, Секторот за младински работи и други институции, младински организации, неформални младински групи и учествуваат во развојот на соработката со општините на странски земји во областа на младинската политика.

Покрај горе споменатите програми, младинската политика во Литванија се развиваше и преку **Националната програма за развој на младинската политика 2011–2019** (Lietuvos Respublikos Vyriausybės nutarimas dėl Nacionalinės jaunimo politikos 2011-2019 metų plėtros programos patvirtinimo, 2010 m. gruodžio 1 d. nr. 1715; the Lithuanian Government on National Youth Policy Development Program 2011-2019). Министерството за социјална заштита и труд беше одговорно за координирање на имплементацијата на Националната програма за развој на младинската политика 2011–2019. Нејзина цел беше создавање на одржливо опкружување и услови за развој на младинската политика. Оваа програма даде приоритет на подобрување на социјалната вклученост на младите, со посебен акцент на младите луѓе кои не работат и кои не се вклучени во процес на образование и обука, промовирање на меѓусекторска соработка како основен принцип на интегрална младинска политика, размена на добри практики за социјално вклучување на младите и унапредување на соработката во областа на младинската политика помеѓу младите од Европската Унија и земјите од Источна Европа и Кавказ. Националната програма се реализираше преку Акционен план 2014–2016 година и Акционен план 2017–2019 година. Во секоја од специфичните цели на акциониот план се наведени акциите, условите за спроведување, распределбата на буџетот и одговорните институции за негова имплементација.

**Акциониот план за развој на националната младинска политика 2020** (National youth policy development action plan for 2020)[13] има за цел да обезбеди развој на системот на социјална заштита што ги задоволува различните потреби на младите луѓе. Негови цели се младите да се развијат во совесни, граѓански, патриотски, зрели, културни и креативни личности; да бидат активен дел од општеството; да го развиваат и координираат системот на младинска работа и да обезбедат развој на инфраструктура за вработување на млади со цел да се олеснат конзистентните и квалитетни активности на младите и младинските организации, да се зголеми вклученоста на младите во организирани активности и да се обезбеди соработка помеѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор преку развој на кохерентна младинска политика заснована на докази и знаење. Одговорни институции за спроведување на меѓусекторскиот акционен план се: Министерството за животна средина, Министерството за култура, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство. Овие институции секоја година до први февруари го известуваат Министерството за социјална заштита и труд за спроведување на акциониот план.

### 2.5.2 Институционална рамка

**Литванскиот совет за младински прашања** (The Council for Youth Affairs) е воспоставен како колегијална советодавна институција, која функционира во рамките на Одделот за младински прашања врз социјална основа, со рамноправно партнерство од претставниците, делегирана од државните институции и од Литванскиот младински совет (LiJOT). Задача на Советот за младински

[13] The National youth policy development action plan for 2020, https://e-seimas.lrs.lt/portal/legalAct/lt/TAD/62166ed2695711eaa38ed97835ec4df6?jfwid=32wf90sn

прашања е решавање на основните проблеми во однос на младинската политика и давање на предлози до Одделот за младински прашања за спроведување на младинската политика што ги задоволува потребите на младите и младинските организации. Одлуките на Советот за младински прашања за Одделот за младински прашања има само советодавна природа. Советот вклучува 12 члена: 6 претставници на државните институции и 6 претставници на младински организации, кои се делегирани од Литванскиот младински совет (LiJOT).

**Агенцијата за меѓународна младинска соработка** (Agency of International Youth Cooperation) е јавна непрофитна институција формирана во 1999 година од страна на Државниот совет за младински прашања и Литванскиот совет за младински прашања. Главната цел на Агенцијата е да обезбеди развој на меѓународната младинска соработка и успешно учество на литванските млади во програмите на Европската унија за млади.

### 2.5.3 Облици на младинско организирање и младинско учество[14]

**ЛИТВАНСКИОТ УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ** (Lithuanian Pupil's Parliament LMP) е основан во 1999 година. Регистриран е како невладина организација во чии состав влегуваат 95 средни училишта од цела Литванија. За да се стане член на овој Парламент, учениците од училиштата мора да учествуваат на демократски избори што се спроведуваат во две фази. Првата фаза се одвива во средното училиште, втората – во општината. Бројот на членови избрани во секоја општина зависи од големината на општината.

Работата на Литванскиот ученички парламент е организирана во 6 комисии, кои ги опфаќаат: човековите права, културата, здравството, надворешните работи, образованието и социјалните прашања. Сите одделни членови избираат, во согласност со нивните вештини и компетенции, во кои комисии сакаат да работат. Секоја комисија има претседател одговорен за координирање на работата на комисијата. Членките на комисијата се организирани и на ниво на регионална група[15]. Секој регион има и претставник што му припаѓа на одборот. Одборот на Литванскиот ученички парламент се состои од претседател и двајца заменици, регионални претседатели. Литванскиот ученички парламент, исто така, има три работни групи: односи со јавноста, превенција и контрола на употреба на психоактивни супстанции и работна група за благосостојба на децата. Надзорен орган на Литванскиот ученички парламент е Комисијата за етика и процедури.

**ЕВРОПСКИ МЛАДИНСКИ ПАРЛАМЕНТ ВО ЛИТВАНИЈА**

Европскиот младински парламент во Литванија (European Youth Parliament, EYP) ги поттикнува младите на независно размислување и ја охрабрува младата популација активно да учествува во јавниот живот. Европскиот младинскиот парламент го сочинуваат национални комитети во кои се вклучени илјадници млади волонтери за стимулирање. Европскиот младински парламент започна со активности во Литванија на почетокот на 2013 година.

---

14 Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki Lithuanian, Chapter 5: Participation: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/lithuania/5-participation

15 Во Литванија има 10 региони: Вилнус, Каунас, Клаипеда, Паневезис, Утена, Алитус, Сијаулија, Таураж, Маријамполе, Телсија.

Европскиот младински парламент е една од најголемите европски институционални платформи, чии активности се фокусирани на политичка дебата, меѓукултурни средби, политичка свест и размена на идеи меѓу младите од цела Европа. Мисијата на Европскиот младински парламент во Литванија е да ја поттикне свеста на младите, интересот за Литванија, европската политика и социјалните проблеми што преовладуваат; да се обезбеди можност за младите да ги искажат своите ставови; да ги развиваат своите лични способности; да се промовира меѓукултурната, меѓурелигиозната, идеолошката и практичната размена.

**ЛИТВАНСКИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ** (The Lithuanian Youth Council LiJOT) е најголемата невладина, непрофитна чадорна организација на националните младински организации и регионалните сојузи на младинските организации. Советот брои 62 члена (невладини младински организации) и претставува повеќе од 200 000 млади луѓе во Литванија. Советот е полноправна членка на Европскиот младински форум и го координира ЕУРОДЕСК Литванија. Советот е организација што ги застапува интересите на младите и ја подготвува младинската политика. Тој е партнер на Владата што го формира Советот за младински прашања.

**УНИЈАТА НА СТУДЕНТИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ** (Lithuanian National Union of Students – LSS) е независна и невладина организација основана во 1992 година. Оваа организација е создадена од најактивните претставници на студентите во земјата. Унијата на студенти во високото образование ги претставува правата на литванските студенти и ги обединува студентските организации на високообразовните институции од целата земја. Унијата ги проширува и ги зајакнува контактите со владини институции, национални и меѓународни младински и студентски организации, како и други организации и образовни институции. Членовите на Унијата на студенти во високото образование се студентски репрезентативни организации. Со овие организации управуваат претставници – избрани студенти. Студентските репрезентативни организации делегираат свои претставници во највисоката структура за управување со Унијата. Литванската национална унија на студенти е активна членка на Европската студентска унија, Нордиската унија на студенти, Форумот за економија на знаење и е основач на Студентската унија на балтичките држави. Унијата на студенти во високото образование, исто така, соработува со Министерството за млади за социјално осигурување и Министерството за труд, владини институции одговорни за образовна политика и со други организации. Унијата на студенти во високото образование е здружение финансирано од хонорари на членовите, поддршка добиена од поединци, добротворни организации и добротворни донации во согласност со одредбите во Законот за фондови за добротворни цели и поддршка, како и од донации од невладини организации, меѓународни јавни организации (здруженија) и други законски добавени средства.

**ЛИТВАНСКИОТ СРЕДНОШКОЛСКИ СОЈУЗ НА УЧЕНИЦИ** (Lithuanian School Students' Union – LMS) е доброволно, непрофитно здружение, кое ги обединува советите на учениците од литванските училишта. Средношколскиот сојуз на ученици ги претставува учениците од средните училишта преку формирање на политики за образование и млади, едукација на ученици, придружување кон нив во заеднички активности во

соработка со владини и невладини институции, создавање заедница за училиштата и нивните ученици. Средношколскиот сојуз на ученици е главната платформа за развој и имплементација на образованието и младинската политика за учениците во училиштата, соработува со секторите на Владата, општеството, бизнисот и образованието. Средношколскиот сојуз на ученици ги претставува учениците од училиштата преку формирање на групи за влијание на млади и образовна политика, како и преку соработка со владини и невладини институции. Сојузот ги обединува учениците од училиштата за решавање на заедничките проблеми и собира, анализира и промовира упатства за ученици средношколци во Литванија и развива меѓународни односи меѓу учениците и организира состаноци, дебати и конференции на релевантни теми за учениците. Согласно со дефинираните цели во периодот 2012–2016 година, Сојузот настојуваше да стане чадорна организација на литванските средношколски автономии, советите на средношколци на ниво на градови/области и советите на информативните средношколски центри. Средношколскиот сојуз на ученици во Литванија се состои од претседател, Одбор, Комисија за ревизија и Канцеларија на претседател.

## 2.6 КИПАР

Популацијата на млади во Кипар е дефинирана во согласност со Националната стратегија за млади. Таа ги опфаќа младите во возрасната група од 14 до 35 години. На ист начин, категоријата млади е дефинирана од страна на Младинскиот одбор на Кипар при Националната агенција за млади.

### 2.6.1 Постојна правна рамка

**Националната стратегија за млади на Кипар 2017–2022** (National Youth Strategy of Cyprus)[16] е усвоена од Советот на министри во 2017 г. и претставува носечки документ во домен на политиките за млади. Визијата на Националната стратегија е сите млади луѓе на Кипар да имаат еднакви можности за зајакнување со цел да го достигнат својот целосен потенцијал во сите аспекти на животот и да ги развиваат своите таленти во своја корист и во корист на општеството. Стратегијата опфаќа 8 области и поставува 2 цели во секоја област. Националната стратегија за млади не идентификува специфични целни групи во младинската популација, иако три од приоритетите вклучени во областа на социјалното вклучување се насочени главно кон млади луѓе со помалку можности. Стратегијата е изготвена во консултативен процес во кој учествуваа претставници на младинските организации, како што се Младинскиот одбор на Кипар (Youth Board of Cyprus), Кипарската организација на младински клубови, Кипарскиот детски парламент и Европскиот младински парламент. Консултативниот процес е спроведен во рамки на Националната младинска конференција организирана во 2015 година на која учествуваа повеќе од 300 млади луѓе со различно потекло. Додека, консултациите со младите за спроведување на Стратегијата се одвиваат на ад хок основа.

За потребите и имплементација на Стратегијата развиени се два акциски плана. Првиот ***акциски план на стратегијата*** се однесува на периодот 2017–2019 година, а е евалуиран од Советот на министри. Додека вториот е изготвен за период ***2020–2022***[17], а

[16] https://youthpolicy.onek.org.cy/en/national-youth-strategy/youth-strategy-paper/

[17] https://youthpolicy.onek.org.cy/en/national-youth-strategy/action-plans/

неговата имплементација, исто така, ќе биде предмет на евалуација.

### 2.6.2 Институционална рамка

**Министерството за образование, култура, спорт и млади** првенствено е одговорно во однос на спроведување на Националната стратегија за млади. Исто така, Министерството е одговорно за доставување на акциони планови, извештаи за напредокот и идните чекори на Стратегијата што ги подготвува младинскиот одбор до Советот на министри на Кипар.

**Младинскиот одбор на Кипар** (Youth Board of Cyprus) е формиран во 1994 година како владина агенција основана за решавање на младински прашања, дизајнирање и управување со младински програми и иницијативи, поддршка на поединци и субјекти во искористување на можностите за финансирање, како и производство и дистрибуција на информации за младинските политики и можности. Младинскиот одбор на Кипар се стреми да промовира напредок и просперитет кај сите млади луѓе на Кипар, без оглед на верата и етничкото потекло, преку ефикасно справување со нивните проблеми[18]. Исто така, го промовира нивното активно учество во социјалниот, економскиот и културниот развој на нашата земја. Младинскиот одбор работи и како Национална агенција за европски програми „Еразмус+“ во областа на младите и „Европски солидарен корпус“. Одборот работи под покровителство на Министерството за образование, култура, спорт и млади, како највисок орган, одговорен за младите на Кипар. Младинскиот одбор на Кипар на Советот на министри му предлага унифицирани политики или специјализирани програми и ги спроведува одобрените политики и програми релевантни за младите. Тој се информира за прашањата што ги засегаат младите при надлежните служби на релевантни министерства и ги претставува своите ставови пред Владата во врска со нив. Одборот учествува на состаноци на меѓународни младински организации и развива билатерални контакти со соодветни младински тела на други земји. Одборот дефинира протоколи/програми за соработка со соодветните тела за млади од други земји за постигнување на целите на Одборот; предлага, во консултација со други државни агенции, спроведување на научни студии во врска со потребите на младите и мерки за нивно исполнување. Управниот одбор, во форма на нацрт-закон, изготвува буџет, кој е предмет на одобрување од страна на Советот на министри и тој е предмет на усвојување во Претставничкиот дом.

[18] https://www.eyca.org/members/cyprus

### 2.6.3 Облици на младинско организирање и младинско учество

Структурата на детски и младински организации во Кипар ја сочинуваат: Детски парламент на Кипар, Претставнички дом на млади, Кипарски младински совет, Панкипарска федерација на студентски сојузи и Панкипарски комитет за координација на средношколските ученици[19].

[19] Информациите за облиците на младинско организирање се земени од официјалниот сајт на youthwiki Cyprus, Chapter 5: Participation: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/cyprus/5-participation

## ДЕТСКИ ПАРЛАМЕНТ НА КИПАР

Детскиот парламент на Кипар (The Cyprus Children's Parliament) е формиран во 2001 година за време на традиционалната манифестација на Недела на децата, кога група деца симболично ги заземаа местата на членовите на кипарскиот парламентот. Со поддршка на претседателот на кипарскиот парламент беше одлучено овој симболичен настан да прерасне во формална седница, која се одвива по примерот на вообичаените седници на кипарскиот парламент и да биде под негово претседавање. Инициран од овие настани, основан е Детскиот парламент како постојано тело, кое работи во текот на целата година, а не како настан во рамки на Неделата на децата. Детскиот парламент е формиран со цел да им обезбеди учество на децата во процесот на идентификување на проблемите и дефинирање на мерките за спроведување на Конвенцијата за правата на детето. Првиот статут на Детскиот парламент е усвоен, едногласно, на пленарната работна сесија во 2004 година. Во него детално се дефинира улогата на Детскиот парламент како тело за поддршка, со права и обврски за правилното работење и развој на новата институција. Согласно со статутот, дете „парламентарец“ може да биде секое лице на возраст под 18 години, кое има легален постојан престој на Кипар. Детскиот парламент се состои од 80 членови со право на глас: 56 кипарски Грци и 24 кипарски Турци. Членовите се претставници на петте области на Републиката. Тие имаат мандат од две години и се избираат од окружните изборни собранија кои се состојат од делегати предложени од Советот на ученици на средни училишта и од делегати од училишта (до 10 %) кои аплицираат за членство. Парламентот избира претседател, ректори и секретари и назначува специјални комисии. Парламентот се свикува на пленарни работни сесии на секои два месеци и на свечена годишна сесија со која раководи претседателот на Претставничкиот дом на Кипар. Со цел да се обезбеди ефикасна дискусија за прашањата и проблемите, формирани се специјализирани комитети за контрола на законодавството, образование, здравство и животна средина, за култура, како и за печат и комуникација. Детскиот парламент е одговорен за изнаоѓање финансиски средства за ефикасно работење на институцијата.

## ПРЕТСТАВНИЧКИ ДОМ НА МЛАДИ

Претставничкиот дом на млади (the House of Young Representatives) е годишна иницијатива организирана за прв пат во 2016 година од Младинскиот совет на Кипар и младинската невладина организација „Кипарска младинска диплома“. Тоа е тридневен настан на кој младите луѓе од Кипар спроведуваат симулација на Претставничкиот дом на Републиката. Членовите на Претставничкиот дом на млади се собираат за усвојување на извештаи преку симулирање на парламентарни комисии. Не се утврдени специфични критериуми во врска со учеството на настанот. Поканата за учество се однесува на сите млади од Кипар на возраст од 16 до 30 години, при што двете одговорни организации прават избор на 56 учесници. Претставничкиот домот на млади, како што е наведено на веб-страницата на иницијативата, има за цел да стане институција во Кипар која ќе им даде постојан простор на младите да ги искажат своите ставови за сè што ги засега, на политичко ниво и на ниво на донесување одлуки. Учесниците се поделени во 5 парламентарни комитети за: надворешни и европски прашања, вработување, внатрешни работи, образование и животна средина. Секој парламентарен комитет дискутира за одредена тема и подготвува извештај за темата на која се разговара, а се гласа на пленарна седница. Доколку извештајот биде одобрен, тој ќе им биде предаден на соодветните министри при Владата и

друга администрација, со мандат да го земат предвид извештајот и да го вклучат во одговорностите на секое министерство. Програмата е финансирана од Младинскиот одбор на Кипар (Youth Board of Cyprus[20]).

**КИПАРСКИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ** (The Cyprus Youth Council CYC) е доброволна, невладина и непрофитна организација формирана во 1996 година. Кипарскиот младински совет дејствува како платформа за размена и комуникација помеѓу сите младински невладини организации во Кипар. Советот дејствува на национално ниво и брои повеќе од 60 грчко-кипарски и турски-кипарски организации, организации членки, подмладоци на политичките партии и неполитички младински организации. Негова цел е промовирање на дијалог и соработка помеѓу младите во Кипар и нивно поврзување со младите во Европа и светот. Право на членство во Советот имаат лица на возраст од 18 до 40 години. Советот го сочинува Генерално собрание, Секретаријат и Комитет за финансиска контрола. Генералното собрание е врховно тело на Советот. Со одлука на Секретаријатот, Генералното собрание се состанува еднаш годишно. На него учествуваат претставници од сите организации членки на Советот. Генералното собрание ги усвојува извештаите за активностите и финансиските извештаи, дискутира за прашања што ги засегаат младите, изготвува општа рамка за работа на Советот, носи одлуки за претставување и учество на Советот на локално и меѓународно ниво, изготвува и усвојува резолуции. Секретаријатот е составен од 9 члена – претседател, четири претставника од политичките партии и четири преставници на неполитички организации. Членовите на Секретаријатот се избираат од кандидатури поднесени од организациите со полноправно членство за двегодишен мандат. Секретаријатот ги извршува одредбите на Деловникот и одлуките донесени на Генералното собрание, а има обврска членовите – организациите да ги информира во врска со прашања од заеднички интерес. Комитетот за финансиска контрола е составен од три члена од редовните на организациите членки, избрани на Генералното собрание за период од две години, почнувајќи од датумот на избор и имаат право на глас. Советот е социјален партнер во структурниот дијалог за промовирање на политичкото учество на младите. Советот лобира кај креаторите на политики за голем број прашања поврзани со младите. Советот е во постојана соработка со Европскиот младински форум. Се финансира од различни извори од Кипарскиот младинскиот одбор и европските програми.

**ОПШТИНСКИТЕ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ** (The Municipal/Community Youth Councils) почнуваат да се формираат кон крајот на 2001 година со поддршка на локалните власти и Одборот за млади на Кипар. Досега се формирани 28 општински и 11 младински совети на ниво на заедници[21]. Улогата на Одборот е да даде поддршка и помош на општинските и локалните власти во врска со активностите или прашања од корист на младите. Исто така, помошта и поддршката може да биде финансиска, техничка и советодавна за активности, програми или дури и инфраструктурни проекти кои можат да бидат развиени. Општинските младински совети работат во согласност со статутите и прописите утврдени од Младинскиот одбор на Кипар и во соработка со локалните власт. Со општинскиот младински совет секогаш претседава член на советот на општината. Уште двајца-тројца членови на советот

20 https://onek.org.cy/en/

21 Согласно со територијалната поделба, Кипар е поделен на 6 дистрикти, 39 општини и 576 заедници.

на општината, во зависност од бројот на членови, се избирани од локалните власти, а останатите членови се избрани од локалните младински невладини организации. Ако бројот на кандидати е поголем од утврдениот, тогаш се одржуваат избори. Советот на млади и општината подготвуваат годишен план за акција, адресиран до младите, вклучително и финансискиот буџет. Слично на тоа, тие препорачуваат решенија за решавање на проблемите со кои се соочуваат младите во локалната заедница. Понатаму, тие можат да препорачаат спроведување на инфраструктурни проекти, програми и активности за придобивки на младите од секоја општина и заедница. Локалните власти финансиски ги поддржуваат општинските младинските совети на ниво на заедницата. Специфични програми и активности можат да бидат спонзорирани од Кипарскиот младинскиот одбор или да добиваат финансиска помош од приватниот сектор во форма на грантови за одредена програма или активност.

**ПАНКИПАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ СОЈУЗИ** (The Pancyprian Federation of Student Unions POFEN) е признат социјален партнер во Кипар, основан во 1973 година. Панкипарската федерација на студентски сојузи брои 18 организации членки. Највисок орган на Федерацијата е Конгресот. Постојат редовни и вонредни конгреси. Редовниот конгрес се одржува еднаш годишно. Конгресот е составен од сите студентски членки на Сојузот, претставени од постојани претставници и нивни заменици. Во периодот помеѓу два конгреса, највисокото раководно тело е Административниот комитет. Извршниот одбор на Административниот комитет е Секретаријатот. Тој има девет членови (претседател, потпретседател, генерален секретар, благајник и уште пет члена) и е составен од претставници на студентските сојузи членки. Сите здруженија на студенти се претставени од најмалку еден член на Секретаријатот. Секретаријатот се избира за едногодишен мандат до следниот редовен конгрес. Системот за гласање следи одредена регулатива во зависност од бројот на членови што ги има секој студентски сојуз. Фреквенцијата на состаноците на Секретаријатот е редовна. Целите на Федерацијата се насочени кон поддршка, унапредување и имплементација на правата и интересите на кипарските студенти. Легитимни средства што се на располагање на Федерацијата за остварување на целите се учество и застапеност во комитетите и телата кои одлучуваат за студентски и други академски прашања, како и учество во органите на сите институции за високо образование. Федерацијата се финансира преку такса и членарина на организациите членки, како и преку финансиски средства што ги издвојува Кипарскиот младински одбор. Дополнителни извори на финансирање се донации, оставини, собирање средства, придонеси и кој било друг приход што Федерацијата го добила.

Работата на **Панкипарскиот комитет за координација на средношколските ученици** (Pancyprian Student Coordination Committee P.S.E.M) е регулирана во согласност со општите прописи за работа на државните средни училишта на Министерството за образование, култура, спорт и млади. Комитетот е насочен кон постигнување на целите за заштита на правата на учениците во образованието, како и нивната застапеност во процесите на донесување одлуки поврзани со училишните реформи и другите образовни политики и работи. Секретаријатот на Комитетот брои 10 членови: претседател, потпретседател, генерален секретар, благајник и уште шест члена. Претставниците во Панкипарскиот комитет за координација на средношколските ученици се избираат по пат на тајно гласање. Ученичките совети имаат централен совет на

ученици, кој се состои од претседател, потпретседател, генерален секретар, благајник и уште тројца членови. Седумте члена на централниот совет на ученици од секое училиште гласаат преку тајно гласање за двајца членови што ќе го претставуваат нивното училиште во Регионалниот комитет за координација на ученици. Панкипарскиот комитет за координација на средношколските ученици се менува на секоја година врз основа на избраните претставници од горенаведените процеси, а неговите редовни состаноци се одржуваат на секои два месеци. Комитетот се финансира од средства на Кипарскиот младински одбор.

## 2.7 РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Носечки документи што го регулираат учеството на младите и младинските политики се Законот за младинско учество и младински политики и актуелната Национална стратегија за млади (2016–2025). Националната стратегија за млади (2016–2025), како и Законот за младинско учество и младински политики, ги дефинира младите како лица на возраст од 15 до 29 години, а во некои локални стратегии коишто беа дизајнирани по Националната стратегија, возрасната граница е до 30 години. Законот за младинско учество и младински политики во член 3, став 3 го дефинира младинското учество како процес што им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за програми што директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

Дополнително, учеството на младите во високото образование е регулирано со Законот за високо образование (2020), а учеството на младите на пазарот на труд со Оперативните мерки на АВРСМ и Гаранцијата за млади.

### 2.7.1 Постојна правна рамка

**Законот за младинско учество и младински политики** („Сл. Весник на РСМ“, бр. 10/2020) е изготвен во согласност со претходно усвоената Национална стратегија за млади (2016–2025). Законот претставува правна рамка со која се обезбедува учеството на младите во креирање на политики што ги таргетираат младите. Законот ги регулира формите на младинско организирање, учеството на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки што се однесуваат на нив, стратешките документи на национално и локално ниво, активностите и мерките што ги преземаат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активности поврзани со и за младите. Во рамки на Законот се дефинирани основните поими: млади, младинско учество, младинска работа, младински работници. Исто така, Законот ги утврдува основните начела, како што се: еднаквост, независност, транспарентност, мултикултурализам, меѓуетничка вклученост, одговорност и солидарност и други. Законот ги регулира формите на младинско учество, како и младинското организирање и претставување преку младинските организации, организациите за млади, младинските чадорни организации, националното собрание на млади. Законот ја обврзува Агенцијата за млади и спорт да води регистар на младински организации. Финансирањето на Законот е предвидено преку издвојување на најмалку 0,3 % од буџетот на државата и 0,1 % од буџетот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје на годишно ниво.

**Националната стратегија за млади** претставува стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочните цели и приоритети за развој на младинските политики и унапреду-

вање на интересите на младите, а ги утврдува и организациските, финансиските и административните мерки за нивно остварување. Содржината на Националната стратегија за млади, начинот за нејзино изготвување и усвојување и периодот на важност се утврдени во делот на политиките за млади од Законот за младинско учество и младински политики. Стратегијата и Акцискиот план се изработуваат од страна на Агенцијата за млади и спорт, а ги донесува Владата. Првата Национална стратегија за млади се однесува на период 2005–2015 година. Таа беше изготвена во процес што беше спроведен во три фази: јавен повик за вклучување на работни групи, средби на работните групи во рамки на приоритетните области утврдени во Стратегијата и јавни дискусии за презентација на нацрт-текстот на Стратегијата. Втората Национална стратегија за млади (2016–2025) се надоврзува на напорите за системско унапредување на положбата, задоволување на потребите и на интересите на младите. Националната стратегија за млади е подготвена и е во согласност со меѓународните документи, ратификувани од страна на Република Северна Македонија, кои ги афирмираат прашањата поврзани со младите. Националната стратегија за млади (2016–2025) е развиена преку активно вклучување на Владата, претставници на релевантни институции, како и претставници на младите и младинските организации кои дадоа свое мислење за деветте[22] приоритетни области во Стратегијата. Во процесот на подготовка беа формирани четири работни групи и во него земаа учество повеќе од 500 заинтересирани претставници од засегнатите страни во младинскиот сектор. Во усвоената верзија, недостасуваа акцискиот план, индикаторите и буџетот за имплементација. Сепак, акцискиот план е усвоен подоцна во 2017 година. Активностите што се утврдени со Стратегијата треба да ја подобрат социјалната и економската положба на младите и да создадат средина што ќе им овозможи на младите уживање на нивните права, задоволување на потребите и интересите. Средства за спроведување на Стратегијата се обезбедуваат од буџетот на Владата, која е задолжена за подготовка на годишни извештаи.

Покрај Националната стратегија, Законот предвидува и изготвување на **локални стратегии за млади**. Тоа е стратешки документ во кој, во согласност со Националната стратегија, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Локалните стратегии и акциските планови се донесуваат од страна на општините, кои се обврзани за нивна реализација и за формирање на локални младински совети, канцеларии за млади и младински центри.

## Регулирање на студентското и средношколското учество

Студентските сојузи се граѓански организации основани во согласност со Законот за здруженија и фондации (2010, 2011, 2016). Тие се независни тела со канцеларии на факултетите или универзитетите. Согласно со Законот за високо образование, студентското собрание треба да биде дел од структурата на високообразовните институции. Како внатрешна организација на собранијата, тоа треба да биде регулирано со статутот на секој поединечен факултет. Законот за високо образование предвидува студентско собрание на факултет и студентско собрание на универзитет.

22 Сите интервенции се поделени во следниве девет области: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, здравје и квалитет на живот.

Согласно со Декларацијата за правата на средношколците 2006, „секое училиште треба да има законски признат ученички совет, избран по демократски пат од страна на средношколците". Правото на учество треба да биде загарантирано со закон, со цел „средношколците да имаат влијание врз содржината на предавањата, методите на предавање, наставната содржина и книгите", како и „средношколците мора да имаат подеднакво влијание како и професорите во процесот на носење одлуки во училиштето". Наспроти ваквите декларативни заложби, средношколското организирање во Македонија не е законски уредено. Единствен официјален документ каде што се среќава средношколското организирање е „Стратегијата за развој на образованието 2018–2025 и акциски план", каде што во приоритетната мерка 4.3. и активностите 4.3.1. од Акцискиот план на Стратегијата се посочува: „*Воведување законски измени за зајакнување на учеството на ученичките тела во училиштата*", при што се посочува дека нацртот на законските измени е изготвен и тие треба да бидат усвоени. Голем придонес за воведување на учеството на ученичките тела во училиштата дадоа Коалицијата СЕГА во партнерство со МОФ и Меѓаши, како и со МОН, преку иницијатива за интегрирање на ученичкото учество во Законот за средно образование, која беше доставена до МОН во ноември 2017 година[23]. Недостигот на правно регулирање доведе до непостоење на единствена легитимна средношколска организација (унија) која ќе ги претставува средношколците на државно ниво. Сепак, во практиката постојат две средношколски организации: Сојуз на средношколци на РСМ и Унија на средношколци на РСМ.

[23] zakonzasredno.pdf (sega.org.mk), Предлог-закон: Анекс 1 – Предлог-закон за ученичко организирање и учество.pdf (nvosorabotka.gov.mk)

### 2.7.2 Институционална рамка

**Агенцијата за млади и спорт** е владино тело кое е основано со цел да работи на прашања поврзани со младите. Тоа е одговорно за координација на активностите на министерствата во однос на прашања што ги засегаат младите. Во рамки на Агенцијата за млади и спорт постои посебен сектор којшто е наменет за млади. Секторот за млади врши работи што се однесуваат на сферите на интерес и потребите на младата популација во земјата и признавањето на улогата на младите во развојот на РСМ. Агенцијата за млади и спорт ја координира работата на Националното собрание за млади и Националното советодавно тело при Владата на Република Северна Македонија како највисока форма на младинско учество во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

На локално ниво, **сервисите за млади** се дефинирани во Законот за младинско учество и младински политики, согласно со кој се предвидува формирање на **Канцеларија за млади** во рамки на општините и општините во градот Скопје и Градот Скопје. Канцеларијата за млади има за цел да ја координира работата на младите на локално ниво. Таа е обмислена да претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво. Законот во делот на услуги за млади предвидува формирање на **Младински центар**, како фокални точки каде што се подготвуваат и спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите. Одговорни за работата во младинските центри се младинските работници. Општините веќе започнаа со отворање на младински

центри[24]. Согласно со Законот, органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје се должни да одредат **службеник за млади**[25], лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на младите што ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

### 2.7.3 Облици на младинско организирање и младинско учество

Како посебни форми на младинско организирање ќе бидат анализирани здруженијата кои промовираат младинско учество и младински политики: Коалицијата на младински организации СЕГА, Националниот младински совет на Македонија и Сојузот за младинска работа од Македонија. Како облици на младинско организирање и младинско учество ќе бидат анализирани  и Националното собрание на млади, локално собрание на млади, национално советодавно тело на младински политики, локални младински совети, студентски сојузи, и унии/сојузи на средношколци. Тие се предвидени во законот, но досега не се спроведени во практиката. Дополнително се анализирани и студентските сојузи и униите на средношколци.

**КОАЛИЦИЈАТА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА** е национална платформа на младински организации која лобира за законски измени во доменот на младинските политики, дава поддршка на младинскиот активизам, обезбедува пристап до информации и учество на младите во активностите за решавање на нивните проблеми. СЕГА е основана во 2004 година како чадорна организација со колективно членство кое, до август 2021 година, брои 21 организација членка. Согласно со воспоставената структура на управување, Коалицијата СЕГА е составена од следниве тела: Собрание, составено од сите членови; Управен одбор, составен од пет претставници од полноправните членови и Надзорен одбор, составен од тројца претставници од членовите на Собранието. Извршната структура е организирана во Централната канцеларија, која се наоѓа во Прилеп, која е управувана од страна на извршен директор. СЕГА активно беше вклучена при креирањето, но и спроведувањето на двете национални стратегии за млади (2005–2015 и 2016–2025), како и при креирањето на Законот за младинско учество и младински политики. Од 2008 година, СЕГА активно се застапува и за воведување на моделот на локален младински совет кој сега е дел од Законот за младинско учество и младински политики[26].

**НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА – НМСМ** е сојуз на здруженија и фондации од Република Северна Македонија. НМСМ е основан во 2013 година од страна на 55 организации. Во моментот, НМСМ обединува 51 организација: 17 младински организации, 20 организации за млади, еден сојуз, 7 подмладоци на други

[24] До крајот на јули 2021 се отворени два младински центри (Куманово и Кавадарци).

[25] До крајот на јули 2021 вкупно 55 општини имаат назначено службеник за млади. Види: Службеници_за_млади_институции_и_општини.pdf (ams.gov.mk)

[26] https://www.sega.org.mk/en/about-us/about-sega

организации и 6 придружни членки, со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Македонија. Националниот младински совет на Македонија е дел од Европскиот младински форум, ЕМФ. Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. Со НМСМ раководи Управен одбор, кој се состанува помеѓу две седници на Генералното собрание. Управниот одбор е составен од 7 членови избрани од Собранието на НМСМ. Со Секретаријатот на НМСМ раководи генералниот секретар, а останатите членови на Секретаријатот се координаторите што раководат со посебните оддели, како и асистентите што му даваат целосна поддршка на Секретаријатот во своето работење. Надзорот над работата на органите и телата на НМСМ го врши Надзорниот одбор, како независно тело составено од три члена. Членовите на Надзорниот одбор се избираат од Собранието на НМСМ и тој има за задача да ја контролира целокупната работа на телата на НМСМ, со посебен акцент на контрола на материјалните и финансиските операции на Советот[27].

**СОЈУЗОТ ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА (СМР)** е мрежа на понудувачи на младинска работа, младински организации и организации што работат со и за младите. Согласно со својата мисија, Сојузот се застапува за регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младинските работници и подигање на јавната свест за значењето на младинската работа. Највисок орган на СМР е Собранието и во неговиот состав влегува по еден претставник од организациите членки. Собранието се состанува на редовна седница еднаш годишно. Со СМР управува Управниот одбор, како највисокото управно тело кое раководи со организацијата помеѓу две собранија. Претседателот на Управниот одбор истовремено е и правен застапник на СМР. Секретаријатот на СМР е оперативен орган кој е задолжен за спроведување на сите активности од областа на тековното работење на СМР. Со Секретаријатот раководи генерален секретар[28].

Во однос на формите на практикување учество во процесите на донесување на одлуки на национално ниво, Законот за младинско учество и младински политики предвидува формирање на **Национално собрание на млади** и **Национално советодавно тело за младински политики.**

**НАЦИОНАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ** се воспоставува со главна цел да ги избира претставниците на младите во Националното советодавно тело за младински политики. Работата на Собранието се регулира со деловник. Собранието на млади го свикува иницијативниот одбор од најмалку две третини од формите на младинско организирање[29] од регистарот. Оперативните трошоци за организирање на собранијата по претходно доставен финансиски план се финансираат од обезбедените средства во буџетот на Република Северна Македонија од надлежниот орган на државната управа надлежен за работите од областа на младите.

**НАЦИОНАЛНОТО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ** има за цел да воспостави соработка помеѓу младинските

27 http://www.nms.org.mk/za-nas/#sekretarijat

28 https://smr.org.mk

29 Младински организации, организации за млади и младински чадорни организации во согласност со глава II од Законот за младинско учество и младински политики, 2020.

претставници и претставниците на органите на државната управа, кое има советодавна и надзорна улога при спроведувањето на младинските политики и активностите за млади. Советодавното тело е составено од претставници именувани од органите на државната управа, но не повеќе од осум членови и девет младински претставници избрани од Националното собрание на млади, од кои еден е претседател. Членовите именувани од органите на државната управа имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Младинските претставници избрани од Националното собрание за млади имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Советодавното тело има деловник за работа. Административна, финансиска и логистичка поддршка за работата на Советодавното тело обезбедува Владата на Република Северна Македонија. Неговите надлежности опфаќаат: давање на мислење и препораки за спроведување на прописите и младинските политики; мислење за Националната стратегија за млади и за Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за млади; мислење за буџетските средства наменети за млади, како и предлози, мислења и препораки за финансирање на активностите поврзани со младите; иницирање на постапки за разгледување на прашања за млади до Владата и Собранието на Република Северна Македонија; предлагање на постапки за воспоставување на механизми за оценување на младинското учество и остварување на младинските интереси во општествениот живот; објавување извештаи (тематски и периодични) за правата, можностите и потребите на младите во Република Северна Македонија. Советодавното тело ги следи препораките на Европската унија за млади и се застапува за подобрување на политиките за млади; организира настани и консултации за својата работа со младински организации и млади и врши други работи поврзани со младите и нивните интереси, согласно со овој Закон и Деловникот за работа од членот 14 став 5 од Законот. До подготовката на оваа анализа, Советодавното тело сè уште не е воспоставено.

## ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Локалните младински совети се бираат од страна на Локалното собрание на млади. За конституирање на **Локалното собрание на млади** се свикува иницијативен одбор кој е задолжен за распишување на повик за конститутивно локално собрание за млади во согласност со статутот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје по принципот на транспарентност и јавност. Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади. Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување. Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, но мора да имаат активности на територијата на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје во чиешто собрание членуваат. Формите на организирање кои членуваат во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик- делегат, кои се жители на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје на возраст од 15 до 29 години. Собранието на млади избира членови на **локалниот младински совет** по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

Формирањето на локалните младински совети е предвидено во согласност со статутот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје. Работата на локалните мла-

дински совети е регулирана со Законот за младинско учество и младински политики (2020). Тие имаат советодавна и застапувачка улога во единиците на локалната самоуправа од делокругот на младински прашања и политики. Претставниците на локалниот младински совет имаат право да предлагаат точки на дневен ред на советот на единиците на локалната самоуправа што ги засегаат младите; да иницираат прашања за млади од делокругот на работата на единиците на локалната самоуправа; да иницираат, учествуваат и да даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики; да доставуваат информации до општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за прашања што се однесуваат на младите и да вршат други советодавни и застапнички работи. Бројот на членови на локалните младински совети треба да е непарен и да не надминува повеќе од една третина од членовите на советот на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје, но не може да биде помалку од пет лица. Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Членовите на локалните младински совети се верификуваат од страна на советот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје. Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател.

Законот за високо образование предвидува формирање на **студентско собрание** на ниво на поединечните факултети и на ниво на универзитет. Во студентското собрание на факултетот членуваат претставници на студентите кои се избираат секоја година, по пат на непосредни избори, со тајно гласање. Право за учество на изборите (да бираат и да бидат бирани) имаат сите активни запишани студенти во академската година, на сите три циклуси на студирање на факултетот. Изборот на претседател и членови на студентското собрание на факултетот го распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред неговото одржување. За таа цел се формира посебна изборна комисија составена од претседател, заменик-претседател и членови на комисијата. Мнозинството на комисијата е составено од студенти, во согласност со статутот на факултетот. Студентските собранија при универзитетите се тело на универзитетот во кое членуваат претставници на студенти на ниво на универзитет. Универзитетското студентско собрание е составено од делегирани студентски претставници од редовите на факултетските студентски собранија, и тоа по изборот на претставници на факултетското студентското собрание, се делегираат двајца за членови на универзитетското студентско собрание. Претседателот на студентското собрание на универзитетот се избира од редот на претставниците назначени на студентското собрание на универзитетот. Претседателот и членовите на студентското собрание на универзитетот имаат мандат од една година со право на уште еден избор. Ваквата динамика на изборите за студентски тела ја отежнува работата на универзитетите и нема голем ефект во практиката. Таа создава големи трошоци и обврски на факултетите и универзитетите во однос на нивно организирање и не обезбедува доволно време за адаптација и ефикасност на студентите во телото. Студентското собрание на универзитетот избира свои студентски претставници во сенатот и другите тела на универзитетот. Исто така, универзитетското собрание предлага студентски правобранител пред сенатот на универзитетот. Универзитетското собрание се грижи за квалитетот на студентскиот стандард, квалитетот на процесот на студирање, запазување на студентските права и ин-

тереси. Студентското собрание на универзитетот може да им предложи на раководните тела, како што се ректоратот или деканатите, да финансираат студентски активности. Студентските собранија се финансираат преку средства на високообразовната институција, како и од легати, подароци, тестаменти, прилози и други извори. Високообразовните институции се должни да овозможат автономно располагање со средства за работа на студентските собранија во согласност со Законот за високо образование и општите акти на високообразовните институции. Додека, високообразовните институции го надгледуваат рационалното трошење на средствата доделени на студентските собранија, на начин утврден со нивниот статут.

**СОЈУЗОТ НА СРЕДНОШКОЛЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ССРСМ** е непрофитно, независно, непартиско ученичко движење формирано во 2017 г. во Тетово. Тој обединува средношколци од гимназиите и стручните училишта во државата. Сојузот се залага за обединување на сите средношколци во едно силно средношколско движење. Во согласност со својата структура, Сојузот има претседател, Извршен одбор и младински амбасадори. Младинските амбасадори на Генералното собрание бираат претседател и Извршен одбор со мандат од две години. Претседателот го претставува ССРСМ и на национално и на меѓународно ниво. Исто така, тој ги претставува сите средношколци во Северна Македонија, соработува со секој претставник и член во Сојузот, и е одговорен за координирање на сите активности на ССРСМ. Тој го свикува и претседава со Генералното собрание и со Извршниот одбор. Исто така, предлага пет до девет кандидати за членови на Извршниот одбор до Генералното собрание. Кандидатите за претседател на ССРСМ треба да бидат најмалку шест месеци активни во Сојузот, да бидат ученици од прва, втора или трета година, а не смеат да бидат политички афилирани.

**УНИЈАТА НА СРЕДНОШКОЛЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** е формирана и поддржана од ученици од седум средни училишта[30] во 2021 година. Унијата е формирана со примарна цел за изнаоѓање на предлог-решенија за новонастанатиот проблем околу државната матура и формирање, систематизација и изградба на стабилна средношколска организација во која секој средношколец ќе има право да го искаже својот став и да придонесе за реформи во образованието. Долгорочните цели на Унијата се предлог-реформи за подобрување на образованието; одржување на постојана комуникација помеѓу врсниците на ниво на целата држава и пријателски и колегијални односи помеѓу средношколците. Унијата е замислена да функционира преку делегирање на претставници од средните училишта што ја поддржуваат нејзината работа.

[30] СУГС гимназија „Орце Николов“ – Скопје, СУГС гимназија „Георги Димитров“ – Скопје, СУГС гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ – Скопје, СУГС гимназија „Јосип Броз-Тито“ – Скопје, СОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Неготино, СУГС „Здравко Цветковски – ГУЦ“ – Скопје и „Браќа Миладиновци“ – Скопје

# 3 КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ОБЛИЦИТЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Направената проценка наведува на генерален заклучок дека колку е поголема регионалната блискост помеѓу државите вклучени во проценката, толку е посличен применетиот модел на младинска партиципација.

Постојат мали разлики во однос на определување на **поимот млади**. Имено, поимот млади најшироко е определен во кипарското законодавство каде што согласно со Националната стратегија за млади на Кипар 2017–2022, под млади се подразбираат сите лица на возраст 14–34 години. Во Финска поимот млади се однесува на лицата под 29 години, но фокусот на активности е ставен на лицата во возрасната група од 12 до 24 години. Во Кипар, Србија, Словенија и Македонија, долната граница за опфат на младите е поставена на 15 години, а во Австрија и Литванија, долната граница за опфат на младите лица е поставена на 14 години. Во определување на горната граница се издвојува Србија, каде што во категоријата млади влегуваат лица на 30 години. Во преостанатите држави, горната граница е поставена на 29 години. Интересно е да се забележи дека согласно со Стратегијата за млади на Австрија, главниот фокус е на младите на возраст од 14 до 24 години, но сепак тој е проширен на лицата под 30 години. Австрија е единствена во однос на партиципативната демократија на младите кои можат да учествуваат во изборните процеси како избирачи од 16 години, но како кандидати учествуваат на избори, како и младите во останатите држави, со навршени 18 години.

Во поголемиот број држави опфатени со оваа компаративна проценка, прашањата за младинско учество се регулираат со еден сеопфатен закон, кој на општо ниво ги регулира аспектите во младинската сфера. Имено, вакво законско решение имаат Србија[31], Македонија[32], Финска[33] и Литванија[34]. Младинското учество во овие држави, во најголем дел, е регулирано преку еден закон што ги дефинира основните поими, општите цели на младинската партиципација и младинските политики; ги утврдува постапките за донесување и следење на имплементацијата на стратешките документи; пропишува формирање на различни владини тела со пропорционална застапеност на младите во нив; и ги дефинира и регулира облиците на младинско организирање. Воедно, ова законско решение ги пропишува надлежностите на определени органи на власта на централно, регионално и на локално ниво во спроведувањето на младинските политики.

Австрија, Словенија и Кипар немаат еден унифициран закон со кој се регулираат интересите, правата и партиципацијата на младите, ниту пак постои најава за негова подготовка. Во австриското законодавство значајни законски акти во сферата на младинското учество се: Федералниот акт за унапредување на младите, со кој се промовираат мерки

31 Закон за млади.

32 Закон за младинско учество и младински политики.

33 Закон за млади.

34 Законот за врамување на младинска политика.

и активности за неформално образование на младите и младинска работа и Актот за федерално застапување на младите, кој обезбедува претставување на проблемите на младите пред носителите на политички одлуки на федерално ниво. Посебно законско решение што е воведено во австриското законодавство е Регулативата за проценка на влијанијата врз младите (Youth check, 2013) со која законски се обврзуваат сите министерства однапред систематски да ги разгледуваат законските проекти со цел да се утврди нивното влијание врз децата и младите. Регулативата има за цел да ја прошири перспективата на возрасните и да овозможи општество кое е „по мерка на младите" за деца и млади во Австрија. Во Словенија евидентирани се неколку закони што ја третираат оваа проблематика: Законот за јавен интерес во младинскиот сектор, кој се смета за најсеопфатен и обврзувачки официјален документ со кој се дефинираат потребите и/или правата на младите и се пропишува решавањето на младинските прашања и Законот за младински совет, со кој се регулирани статусот, работењето, активностите и финансирањето на Националниот младински совет на Словенија и младинските совети на локалната заедница. Носечки документ во доменот на политики за млади во Кипар е Националната стратегија за млади.

Покрај законските решенија, младинското учество многу често се обликува и насочува преку меката легислатива, односно со **стратешки документи, програми и акциски планови**. Вакви документи, кои ги даваат насоките за развој на младинското учество и младинските политики, се усвоени во земјите што се предмет на проценката. Австрија, Србија, Македонија и Кипар[35] имаат изготвено посебни стратегии за млади. Во основа, стратегијата за млади има за цел преку еден континуиран процес да ги унапреди и зајакне политиките за млади. Најчесто одговорни за спроведување на стратегијата се посебни министерства за млади и спорт (Србија) или агенција за млади и спорт (РС Македонија). Највисок орган одговорен за координација и следење на спроведувањето на Националната стратегија за млади е Младинскиот одбор на Кипар при Министерството за образование, култура, спорт и млади. Додека следењето на спроведувањето на стратегијата и формирањето на работни групи поврзани со стратегијата се во домен на владата (Србија, РС Македонија). Посебна национална програма за младинска работа и политика за млади усвојуваат владите на Финска и Литванија[36]. Одговорно за имплементација на Програмата во Литванија е Министерството за социјална заштита и труд. Слично е и во Словенија, иако не постои посебна стратегија за млади, усвоена е долгорочна десетгодишна Резолуција за националната програма за млади 2013–2022, која претставува општ стратешки јавен документ или акционен план во кој се интегрираат главните насоки што треба да се следат при креирање политики за младински прашања на национално ниво.

Подготовката на законските решенија што ги засегаат младите, како што се законите за млади, стратегиите, националните програми и акциските планови

[35] Стратегијата во Кипар преставува клучен документ за регулирање на младинското учество.

[36] Национална програма за развој на младинска политика 2011–2019.

најчесто се одвива преку консултативен процес кој во најголем дел од државите е утврден преку законски решенија, а во помал дел претставува утврдена практика (РС Македонија и Кипар).

Во Република Северна Македонија со закон се предвидува изготвување на локални стратегии за млади.

## ВЛАДИНИ ТЕЛА ЗА МЛАДИ

Најголем дел од државите имаат формирано владини тела кои се посветени на младинската партиципација и младинските политики (Литванија, Австрија, Словенија, Србија, Македонија, Финска, Кипар). Па така, во Литванија таква е Националната агенција за млади, чија цел е да обезбеди развој за меѓународна младинска соработка и успешно учество на литванските млади во програмите на Европската унија за млади. Во Австрија слична функција има Центарот за младински компетенции при Одделот за семејство и млади во федералната влада. Центарот дејствува како агенција за млади и ги координира клучните активности, обезбедува информации и вештини и воспоставува контакти со експерти. Кипарскиот младински одбор е владина агенција за решавање на младински прашања. Тој креира и управува со младински програми и иницијативи и сл. Дополнително, Младинскиот одбор работи како Национална агенција за европски програми „Еразмус+“ во областа на младите и „Европски солидарен корпус“. Во Србија е воспоставено посебно Министерство за млади Србија, а во Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт. Финска нема воспоставено посебна национална агенција за млади. Неколку министерства и нивни оддели се одговорни за младински прашања, програми и споделување на информации поврзани со младите.

## ОБЛИЦИ НА МЛАДИНСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА

Најчести облици на младинска партиципација се националните и локални младински совети, студентските сојузи и ученичките унии. А поретки се младинските парламенти и професионалните здруженија на младински работници.

## НАЦИОНАЛНИ СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА ЗА МЛАДИНСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА

Националните владини советодавни тела, работни или експертски групи, се предвидени/воспоставени во сите држави што се предмет на оваа проценка. Советот за млади на Владата на Република Словенија е консултативно тело формирано во согласност со Законот за јавен интерес во младинскиот сектор. Советот има своја структура и е финансиран од буџетот на Канцеларијата за млади на Република Словенија. Во Словенија Советот е составен од претставници на младински организации и разни министерства на еднаква основа. Националниот младински совет на Србија е советодавно тело со функција за усогласување на активности поврзани со развојот и спроведувањето на младинската политика и предлагање мерки за нејзино подобрување. Во Финска е востановен Државниот младински совет, експертско тело кое му помага на Министерството за образование и култура во однос на прашањата со младите. Ова експертско тело има функција на советодавно тело за младинска работа и младински политики. Литванскиот младински совет е колегијална советодавна институција, која функционира во рамките на Одделот за младински работи врз социјална основа,

со рамноправно партнерство од претставниците, делегирана од државните институции и од Литванскиот младински совет. Во Австрија е воспоставена Национална работна група за младински дијалог и младинска партиципација. Таа воспоставува соработката помеѓу федералните и провинциските власти и други актери во доменот на младински политики, со цел да овозможат младински дијалог и да ја унапредат младинската партиципација.

Во Република Северна Македонија, иако е предвидено со Законот за младинско учество и младински политики, сѐ уште не е воспоставено Национално советодавно тело за младински политики. Согласно со Законот, Советодавното тело ги следи препораките на Европската Унија за млади и се застапува за подобрување на политиките за млади. Тоа е задолжено за организација на настани и консултации за својата работа со младински организации и млади и за вршење на други работи поврзани со младите и нивните интереси, согласно со овој Закон и деловникот за работа. Административната, финансиската и логистичката поддршка за работата на Советодавното тело ја обезбедува Владата на Република Северна Македонија.

## МЛАДИНСКИ ПАРЛАМЕНТИ

Обликот на обезбедување на партиципација на младите во форма на младински парламенти не е застапен во сите држави, предмет на оваа проценка. Имено, младински парламент се среќава во Австрија (на национално и на регионално ниво), Финска, Кипар (Детски парламент на Кипар и Претставнички дом на млади[37]) и Литванија (Литвански ученички парламент и Младински парламент на Литванија во ЕУ). Во Финска, младинскиот парламент е организиран и финансиран како дел од соработката на финскиот парламент и Центарот за развој Опинкирјо. Кипарскиот и финскиот парламент посебен акцент ставаат на мултиетничката застапеност на претставниците во парламентите. Во Финска учество во парламентот се обезбедува и за учениците од специјализираните училишта. Начините за партиципација се различни. Имено, партиципацијата во литванскиот парламент е по пат на демократски избори, спроведени на ниво на училиште и општина. Финскиот младински парламент има диверзификуван пристап во однос на членството и тоа преку спроведени избори, номинации, дискусија или слично. За учеството во програмата на Младинскиот парламент на Кипар заседава посебна комисија, која одлучува врз основа на учество во натпревар, додека учеството во Претставничкиот дом на млади на Кипар се обезбедува преку селекција на млади лица пријавени по електронски пат. Литванскиот парламент работи на национално и регионално ниво. Финскиот парламент функционира на национално и локално ниво, при што на локално ниво функционира во вид на клуб на пратеници. Националниот младински парламент се состанува двапати годишно, неговите активности се финансирани од буџетот на Владата. Во Европскиот младински парламент во Литванија учество земаат 37 европски земји и неговите активности се насочени кон поттикнување дебати, меѓукултурни средби, политичка свест и размена на идеи меѓу младите од Европа.

[37] Организиран еднаш годишно како тридневен настан.

**НАЦИОНАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ/ОРГАНИЗАЦИИ** најчесто претставуваат чадорни организации што ги застапуваат интересите на своите членки. Младински совети се воспоставени во Австрија, Словенија, Србија, Финска, Литванија, Кипар и во РС Македонија. Овие совети во Австрија се воспоставени на три нивоа: национално, регионално и локално. Националните младински совети се состојат од млади/младински организации и здруженија. Во Кипар младинскиот совет е платформа на сите младински невладини организации во државата. Интересно е да се забележи дека возрасната граница за право на учество во Советот во Кипар е поставена од 18 до 40 години. Покрај националниот младински совет, во Словенија има два локални совети, а во Кипар 28 општински и 11 младински совети во заедница. Некои од нив се воспоставени во согласност со општиот закон, додека во Австрија нивната работа се регулира согласно со Сојузниот акт за застапување на младите. Австрискиот национален младински совет обединува организации со многу различни цели и идеолошка припадност, како што се членки со седиште во политичките партии и цркви до претставници на отворено младинско работење, етнички групи и малцинства, како и провинциски младински советодавни комитети. Се финансираат од средства од членарина, донации, подароци, финансиски субвенции и друго. Додека советите во Австрија се финансираат од страна на членките, државата и донации. Контролен механизам за употреба на средствата е воспоставен во Словенија. Изворите за финансирање на Националниот совет во Кипар се различни, вклучувајќи ги изворите од европските програми.

Во Република Северна Македонија постојат две чадорни организации кои се активни во полето на младинско учество и младинска политика: Коалиција на младински организации СЕГА и Националниот младински совет на Македонија, кој е дел од Европскиот младински форум. Овие две организации се генерално вклучени во сите процеси на креирање на политики и донесување одлуки на национално ниво.

Треба да се нагласи дека Законот за младинско учество и младински политики поставува соодветни услови за практикување на легитимно учество на младинските претставници на национално ниво. Имено, Националното собрание на млади во Република Северна Македонија, кое треба да биде составено од голем број младински организации, е одговорно да избере претставници за Националното советодавно тело за младински политики, со што избраните младинските претставници добиваат легитимитет од младинскиот сектор да ги претставуваат интересите на младите во процесите на донесување одлуки. Согласно со Законот, Националното советодавно тело треба да ги запазува сите принципи на транспарентност, инклузивност, партиципативност како и коуправување. Ваквата практика би подразбирала исклучителен пример за сеопфатност и инклузивност во однос на младинското учество во европски рамки.

## ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Практиката на формирање на локални младински совети не е подеднакво застапена во земјите што се предмет на оваа проценка. Имено, формирањето на локални младински совети во дел од државите зависи од начинот на те-

риторијалното организирање (региони, општини, заедници, дистрикти). Во дел од државите, Австрија, Словенија, Кипар и Македонија, локални младински совети се формирани само во дел од општините. Во Словенија има некои општини каде што во рамки на советите има посебни тела, како на пример комитет или комисија за млади. Тие ги поврзуваат локалните младински организации и ја претставуваат основната структура за учество на младите во јавните работи на локално ниво. Во Финска и Литванија локалните младински совети на национално ниво, во облик на чадорна организација, се соединети во сојуз на локални младински совети. На Кипар локалните младински совети работат во согласност со статутите и прописите утврдени од Младинскиот одбор на Кипар и во соработка со локалните власти. Локалните совети во Кипар може да добиваат финансиска поддршка и од приватниот сектор.

Во Република Северна Македонија формирањето на локални младински совети е предвидено со Законот за младинско учество и младински политики, имајќи ги предвид локалните и меѓународните искуства и практики, при што членовите на советот се бираат од страна на младите во локалната заедница, односно од локалното собрание за млади. Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во единиците на локалната самоуправа од делокругот на младински прашања и политики.

**СТУДЕНТСКИТЕ СОЈУЗИ/УНИИ** дејствуваат како независни, невладини организации (Литванија, Македонија). Работата на студентските сојузи/унии најчесто е регулирана со законите за високо образование (Србија, Македонија, Финска). Словенија има посебен закон – Закон за здружување на студенти, кој го регулира статусот, работењето и активностите на студентските здруженија во Словенија. Во најголем број од државите, студентските сојузи ги претставуваат сите универзитети што се под надлежност на министерствата (Австрија, Србија, Словенија, Литванија), додека во Финска постојат две национални студентски унии: Национална унија на универзитетски студенти, што ги претставува интересите на студените од 14 универзитети и Унија на студенти на универзитите за применети науки, што ги претставува интересите на студентите од 26 универзитети за применети науки. Во Република Северна Македонија не постои национален сојуз или унија што би ги обединил, односно обединила постојните универзитетски студентски собранија. Унијата на студенти во високото образование во Словенија именува претставници во јавни тела, како што е Словенечката агенција за обезбедување квалитет за високото образование. Некои од студентските сојузи обезбедуваат посебни услуги со поволности за своите студенти (Финска, Австрија). Тие имаат јасно дефинирана структура и избор на претставници по демократски пат. Изборите се непосредни, во некои држави (Австрија, Словенија) тие се одвиваат на секои две години, а во некои на една (Македонија, Кипар). Членство во Унијата на студенти во високото образование во Литванија се прави по пат на делегирање на членови од репрезентативни студентски организации. Средствата во однос на најголем дел од студентските сојузи/унии се обезбедуваат од буџетот на државата (Србија), во Словенија се обезбедуваат од такси за концесии (при-

времени и повремени работни места за ученици и студенти). Од членарини се финансираат кипарскиот, македонскиот и австрискиот сојуз. Австрија има посебна мултисекторска комисија за внатрешна контрола на работата на сојузот. Надзор врз користењето на јавни средства од страна на Словенечкиот студентски сојуз врши Судот за ревизија и Комесарот за информации. Унијата на студенти во високото образование на Литванија е финансирана од хонорари на членовите, поддршка добиена од поединци, добротворни организации и добротворни донации (донирани) во согласност со одредбите во Законот за фондови за добротворни цели и поддршка, како и донации од невладини организации, меѓународни јавни организации (здруженија) и други законски остварени средства. Дополнителни извори на финансии на Кипарскиот студентски сојуз се донациите, оставините, придонеси и други приходи што ги добива федерацијата.

Во Република Северна Македонија студентските собранија, согласно со Законот за високо образование, се формираат од страна на факултетот, со што се намалува степенот на нивна самостојност. Во минатото, тие беа посамостојни организации формирани согласно со Законот за здруженија и фондации.

**УНИИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИ** најчесто се организирани како невладини организации, кои се независни во својата работа (Србија, Литванија). Во Австрија застапеноста на учениците е дефинирана со Актот за претставеност на учениците. Законот за здружување на студентите претставува уредбата за активност на Средношколска унија на ученици во Словенија. Во Финска униите на средношколци се формирани во согласност со Законот за средни училишта и Законот за средно стручно образование во согласност со кои постои унија на ученици во средните училишта, унија на ученици од стручните училишта, и Ученичка унија на шведски јазик во Финска. Во Кипар, Панкипарскиот комитет на средношколските ученици е регулиран во согласност со општите прописи за работа на државните средни училишта на Министерството за образование, култура, спорт и млади. Во некои земји средношколците се организирани на три нивоа, општинско, регионално и национално (Австрија, Литванија), во Кипар на ниво на училиште, регион и на национално ниво. Додека во другите држави организацијата е само на национално ниво. Тие имаат своја структура и мандат на избраните претставници. Некои од униите немаат директно влијание врз креирањето на политиките за млади и за средношколско образование (Србија). Најголем дел од униите се финансираат од доброволни приходи од физички и правни лица, донации или спонзорства (Србија), политички партии (Австрија).

Во Република Северна Македонија изостанува законско решение за регулирање на здружувањето на средношколците. Меѓутоа, во Македонија постојат две унии што ги застапуваат интересите на средношколците пред донесувачите на одлуки. Униите се воспоставени самоиницијативно што укажува на потребата од уредување на средношколското учество во Законот за средно образование со цел да се следат воспоставените трендови во анализираните држави.

# 4 ПРЕПОРАКИ

Врз основа на направената компаративна проценка на државите што беа избрани заради сличностите во моделите на младинско учество, ги предлагаме следните препораки што цениме дека се применливи во македонски контекст и ќе придонесат кон зголемување и зајакнување на младинското учество во сите сфери на општественото живеење.

## Учество на национално ниво

1. Да се обезбеди задолжително вклучување на младите и младинските претставници во консултациски процеси при правење на измени или кога се креираат законски решенија што ги засегаат младите согласно со примерите во Австрија и Словенија.

2. Да се унапреди меѓународната соработка на формите на национално младинско учество (Националното собрание за млади и Национално советодавно тело за младински политики) за размена на добри практики за социјално вклучување на младите.

3. Да се воспостави база на знаење (истражувања, закони, програми, стратегии, прирачници) поврзани со младинско учество и младинска работа, од отворен пристап, согласно со примерот од Финска.

## Учество на локално ниво

4. Да се обезбеди јакнење на капацитетите на службениците за млади во органите на државната управа и општините во насока на навремена, квалитетна и релевантна испорака на предвидените обврски.

5. Да се обезбеди целосна примена на функцијата службеник за млади во практиката во однос на координација на младинската работа и улогата на медијатор меѓу политичарите во општината, службениците и младите (согласно со примерот во Литванија).

6. Да се испитаат можностите за вмрежување на локалните младински совети за да се споделуваат позитивни практики и успешни приказни по примерот на Финска.

7. Општините и Агенцијата за млади и спорт редовно да документираат успешни практики од постојните локални младински совети заради локална, национална и меѓународна промоција.

## Учество во високото образование

8. Да се воспостави систем на задолжително информирање на претставниците на студентските

сојузи при подготовка на нови акти што се релевантни за студентите согласно со примерот на Словенија.

9. Да се обезбеди именување на претставници (од студентските сојузи) во јавни тела, како што е Агенцијата за квалитет во високото образование (согласно со примерот од Словенија).

10. Да се зголеми мандатот на студентските тела од една на две години преку измени и дополнувања на Законот за високо образование, во насока на подобра координација и редуцирање на трошоците и обврските на факултетите и универзитетите во однос на нивно организирање.

11. Да се обезбедат финансиски средства од буџетот за финансирање на студентските унии, а контролата за нивната употреба да се врши преку специјално воспоставено тело по примерот на Словенија или Австрија.

12. Да се воспостави национална унија или сојуз што ќе ги обедини универзитетските студентски собранија, со што би се зајакнало општественото влијание на студентите.

13. Да се овозможи поголема самостојност на студентските собранија, кои согласно со Законот за високо образование сега се формираат од страна на факултетот.

## Учество во средното образование

14. Да се изготви законско решение во однос на претставувањето на учениците средношколци преку измени и дополнувања на Законот за средно образование.

15. Да се предвиди законско решение со кое учениците од средните училишта ќе бидат обединети во едно репрезентативно тело што ќе ги обедини сите средношколски организации и ќе ги застапува нивните интереси пред носителите на политики што ја засегаат оваа категорија на млади.

16. Да се обезбеди претставници на средношколската унија да бидат застапени во Националното советодавно тело при Владата на Северна Македонија.

17. Да се воведе форма на редовна консултација на средношколците преку јавни, директни средби со претставници од Владата и претставници на парламентарните групи да поставуваат прашања за проблеми што ги засегаат по примерот на Финска.

18. Да се обезбедат финансиски средства од буџетот за финансирање на средношколската унија, а контролата за нивната употреба да се врши преку специјално воспоставено тело.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Action plans for youth Cyprus. https://youthpolicy.onek.org.cy/en/national-youth-strategy/action-plans/

2. Austria, Chapter 5: Participation, пристапено на 5.8.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/austria/5-participation

3. Austrian Youth Strategy (Österreichische Jugendstrategie), Federal Chancellery - Department for Families and Youth, Bundeskanzleramt - Sektion für Familie und Jugend, пристапено на 15.7.2021. https://www.bundeskanzleramt.gv.at/agenda/jugend/oesterreichische-jugendstrategie.html

4. Children and Youth Employment Act (Kinder und Jugendlichen-Beschäftigungsgesetz), BGBl. Nr. 599/1987. https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=10008632

5. Cyprus, Chapter 5: Participation, пристапено на 25.8.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/cyprus/5-participation

6. Employment Act for Children and Youth (Kinder und Jugendlichen-Beschäftigungsgesetz), BGBl. Nr. 599/1987, BGBl. I Nr. 152/2015.

7. Federal Youth Promotion Act (Bundesjugendförderungsgesetz), BGBl. I Nr. 126/2000, BGBl. I Nr. 136/2001. https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=20001058

8. Federal Youth Representation Act (Bundes-Jugendvertretungsgesetz), BGBl. I Nr. 127/2000, BGBl. I Nr. 136/2001. https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=20001059

9. Federal Student Representation Act (Bundesgesetz über die Vertretung der Studierenden), BGBl. I Nr. 45/2014, BGBl. I Nr. 97/2016. https://www.ris.bka.gv.at/GeltendeFassung.wxe?Abfrage=Bundesnormen&Gesetzesnummer=20008892&FassungVom=2014-10-01

10. Federal child and welfare act 2013 (Bundes-Kinder- und Jugendhilfegesetz 2013), BGBl. I Nr. 69/2013. https://www.jusline.at/gesetz/b-kjhg_2013

11. Finland, Chapter 5: Participation, пристапено на 27.7.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/finland/5-participation

12. Government Decree on Youth Work and Youth Policy 2017. https://minedu.fi/documents/1410845/4276311/Government+Decree+on+youth+work+and+policy+2017.pdf/465c3d48-b35e-4842-ac53-01d45626362e/Government+Decree+on+youth+work+and+policy+2017.pdf

13. Government of the Republic of Serbia, National Youth Strategy 2015-2025, "Official Gazette of RS", No. 22/201.

14. Government of the Republic of Serbia, National Youth Strategy 2015-2025, "Official Gazette of RS", No. 22/2015. https://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/Nacionalna%20strategija%20za%20mlade%20-%20ENG.pdf

15. Hodgson, David (1995). *Participation of Children and Young People in Social Work*. New York: UNICEF.

16. Karsten A. (2011). Meeting Citizens Half-way? Different Models and Concepts of Participation in: Heinrich-Böll-Stiftung Brandenburg (2011). Participation in Urbane Climate Protection Answers of European Municipalities. Strasbourg 22-36.

17. Lithuanian, Chapter 5: Participation, пристапено на 25.7.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/lithuania/5-participation

18. Lietuvos Respublikos Vyriausybės nutarimas dėl Nacionalinės jaunimo politikos 2011-2019 metų plėtros programos patvirtinimo, 2010 m. gruodžio 1 d. nr. 1715.

19. National youth policy development action plan for 2020. https://e-seimas.lrs.lt/portal/legalAct/lt/TAD/62166ed2695711eaa38ed97835ec4df6?jfwid=32wf90sn

20. National Youth Strategy of Cyprus ("Εθνική Στρατηγική για τη Νεολαία". https://youthpolicy.onek.org.cy/en/national-youth-strategy/youth-strategy-paper/

21. Ministry of Education and Culture (2017) Youth Act. https://minedu.fi/documents/1410845/4276311/Youth+Act+2017/c9416321-15d7-4a32-b29a-314ce961bf06/Youth+Act+2017.pdf

22. Ministry of Youth and Sports, Law on Youth,"Official Gazette of RS", No. 50/2011. https://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/The%20Law%20on%20Youth.pdf

23. Ministry of Education and Culture (2017) Youth Act, Finland, Youth Act, 2017, Chapter 1, Section 3. https://minedu.fi/documents/1410845/4276311/Youth+Act+2017/c9416321-15d7-4a32-b29a-314ce961bf06/Youth+Act+2017.pdf

24. Ministry of Youth and Sports, Law on Youth,"Official Gazette of RS", No. 50/2011. https://www.paragraf.rs/propisi_download/zakon_o_mladima.pdf

25. Percy-Smith and Malone (2001: 18) Percy-Smith, Barry and Malone, Karen (2001). *Making Children's Participation in Neighbourhood Settings Relevant to Every- day Lives of Young People.* Participatory Learning and Action, no. 42, pp. 18–22. London: International Institute for Environment and Development.

26. Polytechnics Act, пристапено на 12.8.2021на: https://karvi.fi/app/uploads/2016/05/5-Polytechnics-Act.pdf

27. Pratchett and Lowndes, Vivie (2004). *Developing Democracy in Europe: An Analytical Summary of the Council of Europe's Acquis.* Strasbourg: Council of Europe.

28. Republic of Lithuania. Law on Youth Policy Framework. 4 December 2003 No IX-1871.
https://www3.lrs.lt/pls/inter3/dokpaieska.showdoc_l?p_id=283614

29. Republic of North Macedonia, Chapter 5: Participation, пристапено на 30.7.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/republic-of-north-macedonia/5-participation

30. Serbia, Chapter 5: Participation, пристапено на 29.7.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/serbia/5-participation

31. State Youth Council. https://tietoanuorista.fi/en/nuora

32. Slovenia, Chapter 5: Participation, пристапено на 15.8.2021 на: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/slovenia/5-participation

33. Youth Board of Cyprus. https://onek.org.cy/en/

34. The State Youth Counci. https://tietoanuorista.fi/en/nuora/
https://karvi.fi/app/uploads/2016/05/5-Polytechnics-Act.pdf

35. Youth Board of Cyprus. https://www.eyca.org/members/cyprus

36. https://onek.org.cy/en/

37. https://www.sega.org.mk/en/about-us/about-sega

38. http://www.nms.org.mk/za-nas/#sekretarijat

39. https://smr.org.mk

40. Vlada Republike Srbije (2020). Nacionalna strategija za mlade. https://www.mos.gov.rs/wp-content/uploads/download-manager-files/Nacionalna%20strategija%20za%20mlade%20-%20ENG.pdf

41. Zakon o javnem interesu v mladinskem sektorju – ZJIMS, Uradni list RS, št. 42/10.

42. Zakon o nevladnih organizacijah – ZNOrg, Uradni list RS, št. 21/18.

43. Zakon o mladinskih svetih – ZMS, Uradni list RS, št. 70/00 in 42/10.

44. Zakon o skupnosti študentov, Uradni list RS, št. 38/94 in 59/19.

45. Resolucija o Nacionalnem programu za mladino 2013–2022, Uradni list RS, št. 90/13.

46. Закон за средно образование, zakonzasredno.pdf (sega.org.mk), zakonzasredno.pdf (sega.org.mk).

47. Предлог-закон: https://www.sega.org.mk/images/E-Library/PositionPapers/zakon-zasredno.pdf

48. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020).

49. zakonzasredno.pdf (sega.org.mk), предлог-закон.

